# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Број 117 Год. LXI Четврток, 29 декември 2005 Цена на овој број е 300 денари**

**www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk**


## СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1609. | **Одлука** за огласување избор на судија на Апелациониот суд во Битола..... | 2 |
| 1610. | **Одлука** за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на Комисиите на Собранието на Република Македонија.............. | 2 |
| 1611. | **Одлука** за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија............. | 2 |
| 1612. | **Одлука** за изменување на Одлуката за разрешување, избор и именување на членови на Управниот одбор на Македонската радио-телевизија.......... | 2 |
| 1613. | **Уредба** за поблиските критериуми и начинот на спроведување на ослободувањето од плаќање на увозни давачки, како и вредноста, количината и видот или намената на стоката која може да се ослободи од плаќање на увозни давачки..................... | 3 |
| 1614. | **Одлука** за давање согласност на Тарифата за изменување и дополнување на Тарифата на Централниот регистар на Република Македонија.................... | 25 |
| 1615. | **Одлука** за трансформација на Здравствена работна организација............... | 25 |
| 1616. | **Одлука** за давање на користење движни ствари - опрема за пренос и емитување на III - та радио и ТВ програма.................. | 26 |
| 1617. | **Одлука** за давање на користење - концесија на рибниот фонд за акумулации....... | 26 |
| 1618. | **Одлука** за давање на користење - концесија на рибниот фонд од риболовните ревири........................... | 26 |
| 1619. | **Одлука** за распишување оглас за именување заменици на Јавниот правобранител на Република Македонија за подрачјата на Гостивар, Битола, Прилеп, Штип, Кавадарци, Гевгелија и Тетово.... | 27 |
| 1620. | **Лиценца** за постојано приредување на посебна игра на среќа “Обложување на спортски натпревари“.......... | 27 |
| 1621. | **Правилник** за Сметковниот план и билансите на непрофитните организации | 28 |
| 1622. | **Правилник** за содржината на одделни сметки во Сметковниот план на непрофитните организации................. | 39 |
| 1623. | **Упатство** за изменување на Упатството за начинот на отворање и затворање на сметки на корисниците и единките корисници на средства од Буџетот во Главната книга на трезорот................................ | 56 |
| 1624. | **Правилник** за формата, содржината и начинот на водењето на евиденцијата за примените барања за извршување........... | 56 |
| 1625. | **Правилник** за тарифа за награда на извршителите.................................................. | 57 |
| 1626. | **Правилник** за содржината на плановите за управување со заштитени подрачја и содржината на годишните програми за заштита на природата...... | 59 |
| 1627. | **Одлука** за определување на вредноста на правото за купување на девизи од Народна банка на Република Македонија... | 60 |
| 1628. | **Одлука** за целите на монетарната политика за 2006 година.......................... | 61 |
| 1629. | **Одлука** за изменување на Одлуката за издавање, тргување и исплата на благајнички записи на Народна банка на Република Македонија.................... | 61 |
| 1630. | **Одлука** за каматните стапки на Народна банка на Република Македонија | 61 |
| 1631. | **Одлука** за усвојување План за набавки на Народна банка на Република Македонија за 2006 година.................. | 62 |
| 1632. | **Одлука** за пресметување и објавување на ефективна каматна стапка на кредитите и депозитите............... | 62 |
| 1633. | **Финансиски план** на Народна банка на Република Македонија за 2006 година | 63 |
| 1634. | **План за инвестиции** на Народна банка на Република Македонија за 2006 година | 64 |
| 1635. | **Одлука** на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија | 64 |
| | **Огласен дел**.......................................... | 1-32 |

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**1609.**

Врз основа на членовите 42 и 43 од Законот за судовите ("Службен весник на Република Македонија" број 36/95 и 64/2003), а во врска со Одлуката за определување на бројот на судиите во апелационите судови ("Службен весник на Република Македонија" број 53/95), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 27 декември 2005 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ОГЛАСУВАЊЕ ИЗБОР НА СУДИЈА НА АПЕЛАЦИОНИОТ СУД ВО БИТОЛА**

1. Собранието на Република Македонија огласува дека ќе врши избор на еден судија на Апелациониот суд - Битола.

2. Заинтересираните кандидати, кои ги исполнуваат условите предвидени во членот 43 од Законот за судовите (државјанин на Република Македонија, кој ги исполнува општите услови определени со закон за засновање на работен однос во орган на државната управа, кој е дипломиран правник со положен правосуден испит, кој ужива углед за вршење на судиската функција и кој има работно искуство со потврдени резултати на правни работи по полагањето на правосудниот испит над девет години), пријавите со потребните документи да ги поднесат до Републичкиот судски совет во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Одлуката во "Службен весник на Република Македонија".

3. Оваа одлука ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија" и во весниците "Нова Македонија", "Утрински весник" и "Македонија денес".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4812/1
27 декември 2005 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

---

**1610.**

Врз основа на член 76 став 1 од Уставот на Република Македонија и член 114 став 1, а во врска со членот 116 став 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 60/2002), Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 27 декември 2005 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛИ, ЗАМЕНИЦИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛИТЕ, ЧЛЕНОВИ И НИВНИ ЗАМЕНИЦИ НА КОМИСИИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

I. Во Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 92/2002, 98/2002, 37/2003, 39/2003, 68/2003, 2/2004, 4/2004, 6/2004, 33/2004, 38/2004, 44/2004, 74/2004, 88/2004, 6/2005, 12/2005, 37/2005, 45/2005, 55/2005, 86/2005 и 107/2005) во точките:

"3. Комисија за одбрана и безбедност под в) за членови: наместо "Есад Рахиќ" треба да стои: "Тито Петковски",

9. Комисија за економски прашања под г) за заменици на членовите: наместо: "Агрон Буџаку", треба да стои "Селвие Салиу"."

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4813/1
27 декември 2005 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

---

**1611.**

Врз основа на член 76 став 1 од Уставот на Република Македонија и член 114 став 1, а во врска со членот 116 став 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, ("Службен весник на Република Македонија" број 60/2002), Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 27 декември 2005 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ, ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ, ЧЛЕНОВИ И НИВНИ ЗАМЕНИЦИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ПРАШАЊА НА ИЗБОРИТЕ И ИМЕНУВАЊАТА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. Во Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 78/2002, 92/2002, 2/2004, 6/2005, 37/2005 и 86/2005) во точката I под в) за членови: наместо "Лилјана Поповска" треба да стои "Роза Топузова-Каревска", и под г) за заменици на членовите: наместо "Роза Топузова-Каревска" треба да стои "Тома Глигоријевски".

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4814/1
27 декември 2005 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

---

**1612.**

Врз основа на член 13 од Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска радио-телевизија ("Службен весник на Република Македонија" број 6/98, 98/2000 и 78/2004 година), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 27 декември 2005 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ, ИЗБОР И ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА МАКЕДОНСКАТА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА**

I. Во Одлуката за разрешување, избор и именување на членови на Управниот одбор на Македонската радио-телевизија, ("Службен весник на Република Македонија" број 98/2002), под II. за членови, во точката 1 наместо "д-р Ѓорѓе Иванов, професор на Правниот факултет во Скопје" треба да стои "д-р Горан Коевски, професор на Правниот факултет во Скопје" и во точката 2 наместо "Дарко Марковиќ, приватник на сопствено студио" треба да стои "Славе Младеновски, менаџер за надворешна комуникација, вработен во Македонски телекомуникации".

Под III. за членови, во точката 4 наместо "Вера Жбајнова, раководител на Одделение за правни работи" треба да стои "Бранислава Јаневска, новинар во Секторот за играна програма на Македонската телевизија".

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4815/1 
27 декември 2005 година 
Скопје

Претседател 
на Собранието на Република 
Македонија, 
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

---

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**1613.**

Врз основа на член 199 од Царинскиот закон ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/05) Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 26.12.2005 година, донесе

## У Р Е Д Б А
## ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ И НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОСЛОБОДУВАЊЕТО ОД ПЛАЌАЊЕ НА УВОЗНИ ДАВАЧКИ, КАКО И ВРЕДНОСТА, КОЛИЧИНАТА И ВИДОТ ИЛИ НАМЕНАТА НА СТОКАТА КОЈА МОЖЕ ДА СЕ ОСЛОБОДИ ОД ПЛАЌАЊЕ НА УВОЗНИ ДАВАЧКИ

### ГЛАВА 1
### Општи одредби

Член 1

Со оваа уредба се уредуваат поблиските критериуми и начинот на спроведување на ослободувањето од плаќање на увозни давачки, како и вредноста, количината и видот или намената на стоката која може да се ослободи од плаќање на увозни давачки во согласност со членовите од 193 до 198 од Царинскиот закон во случаите кога стоката се пушта во слободен промет.

Член 2

Поимите употребени во оваа уредба го имаат следново значење:

а) „лична употреба“ е употреба која не е поврзана со било каква дејност од професионална или комерцијална природа и која е во суштина наменета за задоволување на потребите на домаќинството и приватниот живот;

б) „предмети за лична употреба“ се:

- предметите за домаќинство,
- велосипеди, моторцикли, приватни моторни возила и нивни приколки, каравани за кампување, пловни објекти и летала за разонода и приватни авиони;

Предметите за лична употреба треба да бидат соодветни на нормалните потреби на семејството и по својата природа или количина не смее да бидат такви што може да укажуваат дека се увезуваат за комерцијални цели;

в) „предмети за домаќинство“ се лични предмети, рубелина за домаќинство, мебел, предмети и опрема за лична употреба од засегнатите лица или за задоволување на потребите на нивното домаќинство;

г) „алкохол и алкохолни пијалоци“ се производите (пиво, вино, аперитиви со винска или алкохолна основа, ликери или алкохолни пијалоци, и други) кои се распоредуваат во тарифните броеви од 2203 до 2209 на Царинската тарифа и

д) „увоз од некомерцијална природа“ се смета увоз кој:

- има повремена природа и
- се состои исклучиво од стока за лична употреба на патникот, односно примачот или неговото семејство или стока наменета како подарок. Природата или количината на стоката не смее да биде таква што, може да укажува дека се увезува за комерцијални цели.

Член 3

(1) Доколку царинскиот орган го прифати барањето за ослободување од плаќање на увозни давачки и ако со оваа уредба не е поинаку утврдено, ќе донесе решение во вид на службена белешка на самата царинска декларација.

(2) Во случаи кога е дозволена примена на усна царинска декларација, царинскиот орган, барањето за ослободување од плаќање на увозни давачки го уважува со службена белешка на доставениот комерцијален или друг службен документ, или пак усно.

(3) Потврдите што во врска со ослободувањето од плаќање на увозни давачки и во согласност со оваа уредба ги издаваат надлежните органи се однесуваат само на надлежностите на соодветниот органи и истите не ги обврзуваат царинските органи во одлучувањето при спроведување на постапката за ослободување од плаќање на увозни давачки.

(4) Потврдите што ги издаваат надлежните органи во согласност со оваа уредба, можат да се користат во царинската постапка, до рокот определен во потврдите, односно 6 месеци од нивното издавање доколку рокот на важноста во потврдата не е определен.

### ГЛАВА 2
### Дипломатски и конзуларни претставништва како и претставници и нивниот персонал

Член 4

(1) Лицето кое сака да го оствари правото на ослободување од плаќање на увозни давачки согласно член 193 од Царинскиот закон, треба на царинскиот орган да му поднесе потврда од министерството за надворешни работи дека предметите кои што се увезуваат се наменети за службени потреби, односно за негова лична употреба.

(2) За лицата наведени во член 193 став (2) точка 3) од Царинскиот закон потврдата од став (1) на овој член мора да содржи и податок за денот на доаѓање на тоа лице во Република Македонија.

(3) Царинскиот орган може да одобри ослободувањето од плаќање на увозни давачки согласно член 193 од Царинскиот закон да се пренесе на друго лице кое истотака ги исполнува условите да го користи правото на ослободување од плаќање на увозни давачки врз основа на член 193 од Царинскиот закон под услов тоа лице да ја употребува стоката за цели кои се соодветни на правото на такво ослободување.

### ГЛАВА 3
### Стока во личниот багаж на патниците

Член 5

(1) Стоката во личниот багаж на патниците кои доаѓаат од странство е ослободена од плаќање на увозни давачки во согласност со член 194 точка 1) од Царинскиот закон, под услов таквиот увоз да е од некомерцијална природа.

(2) Како личен багаж во смисла на став (1) од овој член се смета багажот кој патникот е во состојба да го стави на увид на царинскиот орган при неговото пристигнување во царинското подрачје на Република Македонија, како и багажот ставен на увид на истиот орган подоцна, под услов да може да докаже дека, во времето на заминувањето на патникот, тој бил регистриран како придружен багаж кај компанијата која го превезла во Република Македонија од странство. Преносни садови кои што содржат гориво не се сметаат за личен багаж.

Член 6

(1) Ослободувањето од член 194 точка 1) од Царинскиот закон се применува во рамките на количински ограничувања по патник, за следната стока:

а) преработки од тутун:

- 200 цигари, или

- 100 цигарилоси (цигари со максимална тежина од 3 грама по парче), или
- 50 пури, или
- 250 грама тутун за пушење, или
- сразмерна количина на различни преработки на тутун;

б) алкохол и алкохолни пијалоци:
- дестилирани и жестоки алкохолни пијалоци со процент на алкохол над 22%: 1 литар, или
- дестилирани и алкохолни пијалоци и аперитиви со винска или алкохолна основа со процент на алкохол што не надминува 22%: 2 литри и
- вино: 2 литри и

в) парфеми: 50 грама и
тоалетна вода: 0,25 литри.

(2) Ослободување за стоката од точка а) и б) од став (1) на овој член не може да се даде на патниците помлади од 18 години.

Член 7

(1) Предметите кои домашните патници покрај личниот багаж ги внесуваат од странство, различни од оние наведени во член 6 на оваа уредба, во вредност до 45 ЕВРА во денарска противвредност се ослободени од плаќање на увозни давачки во согласност со член 194 точка 2) од Царинскиот закон, под услов таквиот увоз да е од некомерцијална природа.

(2) Кога вкупната вредност по патник на два или повеќе предмети го надминува износот од став (1) на овој член, ослободувањето се дава до износот наведен во тој став за предметите кои доколку би биле увезени поединечно би биле ослободени од плаќање на увозни давачки.

(3) Кога вредноста на поединечен предмет го надминува износот од став (1) на овој член неговата вредност не може да се подели заради остварување на правото на ослободување од плаќање на увозни давачки до висината на тој износ. Вредноста на поединечен предмет исто така неможе да се подели на два или повеќе патника.

(4) Во случај на оправдано сомневање, а со цел да се докаже дека се исполнети условите за ослободување од плаќање на увозни давачки согласно член 194 точка 2) од Царинскиот закон, царинскиот орган може да бара од патникот да приложи потврда од министерството за внатрешни работи со која се потврдува дека патникот не влегол во царинското подрачје повеќе од еднаш во тековното деноноќие.

Член 8

(1) Ослободувањето од плаќање на увозни давачки за стоката од членот 6 и 7 од оваа уредба не се однесува на:

а) лицата со живеалиште или одобрен постојан престој во пограничната зона,

б) вработени на граничниот премин или во пограничната зона и

в) екипажот и лицата кои управуваат со јавните транспортни средства кои се употребуваат помеѓу Република Македонија и други земји, за време на патувањето при вршењето на својата работа.

(2) За вработен на граничниот премин или во пограничната зона се смета лицето кое заради вообичаените работни дејствија треба да ја преминува царинската линија во текот на работниот ден.

(3) Ограничувањето за лицата од точка а) и б) од став (1) на овој член се применуваат само во случаите кога овие лица ја преминуваат царинската линија со погранични или малогранични пропусници.

ГЛАВА 4
**Предмети со мала вредност**

Член 9

Стоката испратена од странство во помали пратки со писмо или поштенски пакет која ја прима физичко лице кое живее или има одобрен престој во Република Македонија е ослободена од плаќање на увозни давачки во согласност со член 194 точка 3) од Царинскиот закон, под услов вкупната вредност на пратката да не го надминува износот 45 ЕВРА во денарска противвредност и таквиот увоз да е од некомерцијална природа.

Член 10

Ослободувањето од член 194 точка 3) од Царинскиот закон не се применува за следната стока:
а) алкохол и алкохолни пијалоци,
б) парфеми и тоалетна вода и
в) тутун и преработки од тутун.

ГЛАВА 5
**Лекови**

Член 11

(1) Лековите за лична употреба што ги носат со себе или ги добиваат во пратка од странство државјани на Република Македонија или странски државјани со одобрен престој во Република Македонија се ослободени од плаќање на увозни давачки согласно член 194 точка 4) од Царинскиот закон, под услов предметната количина да одговара на личните потреби на патникот или примачот.

(2) Лицето кое сака да го оствари правото на ослободување од плаќање на увозни давачки согласно член 194 точка 4) од Царинскиот закон, треба на царинскиот орган да му поднесе соодветен лекарски рецепт или негова заверена фотокопија, односно друг документ со податоци за идентификација на лекот, пациентот и лекарот, како и потпис на лекарот, од кои може да се види потребата за набавување на лековите од тој пациент.

ГЛАВА 6
**Предмети наменети за инвалиди и инвалидски организации**

Член 12

(1) Предметите кои се специјално дизајнирани за образовен, научен или културен развој на слепи лица, наведени во Прилог 1 на оваа уредба се ослободени од плаќање на увозни давачки согласно член 194 точка 5) од Царинскиот закон.

(2) Предметите кои се специјално дизајнирани за образовен, научен или културен развој на слепи лица, наведени во Прилог 2 на оваа уредба, се ослободени од плаќање на увозни давачки согласно член 194 точка 5) од Царинскиот закон, под услов тие да се увезат од самите слепи лица за нивна лична употреба.

(3) Предметите кои се специјално дизајнирани за образовен, научен или културен развој на слепи лица, наведени во Прилог 2 на оваа уредба, се ослободени од плаќање на увозни давачки согласно член 195 точка 7) од Царинскиот закон, под услов тие да се увезат од институции или организации кои се грижат за образование или помош на слепи лица кои имаат потврда за увоз со ослободување од плаќање на увозни давачки на такви предмети издадена од министерство за труд и социјална политика.

(4) Ослободувањето од став (2) и став (3) на овој член се применува на резервни делови, компоненти или прибор специфични за тие предмети, како и алатите кои се користат за одржување, проверка, калибрирање или поправка на тие предмети, под услов таквите резервни делови, компоненти, прибор или алат да се увезени во исто време како и тие предмети, или ако се увезуваат последователно да може да се идентификува дека биле наменети за предмети кои претходно биле увезени со ослободување од плаќање на увозни давачки или кои би можеле да бидат ослободени во времето кога таквото ослободување се бара за предметните специфични резервни делови, компоненти или прибор и предметните алати.

Член 13

(1) Предметите (опрема и технички помагала) кои се специјално дизајнирани за образовен, работен или социјален развој на физички или ментално хендикепирани лица, освен слепите лица, се ослободени од плаќање на увозни давачки согласно член 194 точка 5) од Царинскиот закон, под услов тие да се увезат од самите хендикепирани лица за нивна лична употреба.

(2) Предметите (опрема, уреди, инструменти и технички помагала) кои се специјално дизајнирани за образовен, работен или социјален развој на физички или ментално хендикепирани лица, освен слепите лица, се ослободени од плаќање на увозни давачки согласно член 195 точка 7) од Царинскиот закон, под услов тие да се увезат од институции или организации кои се грижат за образование или помош на хендикепирани лица кои имаат потврда за увоз со ослободување од плаќање на увозни давачки на такви предмети издадена од министерство за труд и социјална политика.

(3) Ослободувањето од став (1) и став (2) на овој член се применува на резервни делови, компоненти или прибор специфични за тие предмети, како и алатите кои се користат за одржување, проверка, калибрирање или поправка на тие предмети, под услов таквите резервни делови, компоненти, прибор или алат да се увезени во исто време како и тие предмети, или ако се увезуваат последователно да може да се идентификува дека биле наменети за предмети кои претходно биле увезени со ослободување од плаќање на увозни давачки или кои би можеле да бидат ослободени во времето кога таквото ослободување се бара за предметните специфични резервни делови, компоненти или прибор и предметните алати.

Член 14

(1) Потврдата од член 12 став (3) или член 13 став (2) од оваа уредба се дава на барање на лицата кои сакаат да го остварат правото на ослободување од плаќање на увозни давачки на предметите согласно член 195 точка 7) од Царинскиот закон.

(2) Барањето од став (1) на овој член се доставува до министерство за труд и социјална политика и треба да содржи:

а) прецизен трговски опис на предметите кој го употребува производителот, претпоставена тарифна ознака според Царинската тарифа, објективни технички карактеристики кои укажуваат дека предметите се специјално дизајнирани за слепи или хендикепирани лица;

б) име и адреса на производителот, и кога е потребно на добавувачот;

в) земја на потекло на производите;

г) прецизен опис на употребата за која предметите се наменети;

д) цената на предметите или цената за царински цели;

ѓ) количина на предметите и

е) карактеристиките и техничките спецификации на предметите.

Член 15

(1) Лицата кои сакаат да го остварат правото на ослободување од плаќање на увозни давачки согласно член 194 точка 5) од Царинскиот закон, под условите од член 12 став (2) или член 13 став (1) од оваа уредба треба на царинскиот орган да му поднесат потврда за статус на слепо или хендикепирано лице кое има право на увоз со ослободување од плаќање на увозни давачки на такви предмети издадена министерство за труд и социјална политика.

(2) Лицата кои сакаат да го да го остварат правото на ослободување од плаќање на увозни давачки согласно член 195 точка 7) од Царинскиот закон, под условите од член 12 став (3) или член 13 став (2) од оваа уредба треба на царинскиот орган да му поднесат:

- доказ за регистрирана образовна институција или хуманитарна организација или здружение за образование или помош на слепи или на други хендикепирани лица;

- потврдата од член 12 став (3) или член 13 став (2) од оваа уредба за увоз со ослободување од плаќање на увозни давачки на такви предмети издадена од министерство за труд и социјална политика;

- писмена изјава дека предметната стока е наменета за лична употреба од страна на слепи и други хендикепирани лица и

- писмената изјава од член 16 став (2) на оваа уредба.

(3) Врз основа на поднесено барање од лицата од став (1) и став (2) од овој член царинскиот орган донесува решение за ослободување од плаќање на увозни давачки согласно член 194 точка 5) или член 195 точка 7) од Царинскиот закон.

Член 16

(1) Увозот со ослободување од плаќање на увозни давачки согласно член 195 точка 7) од Царинскиот закон, на предметите од член 12 и член 13 од оваа уредба, им ги наметнува на институциите или организациите до кои тие предмети се испратени следните обврски:

- да ги испорачаат тие предмети директно до местото кое е декларирано како одредиште,

- да ги внесат тие предмети во нивното книговодство,

- да ги употребуваат исклучиво за целите од наведените членови и

- да ја помогнат и олеснат било која проверка која царинскиот орган смета дека е потребна со цел да утврди дали условите за одобрување на увоз со ослободување од плаќање на увозни давачки се исполнети, или продолжиле да се исполнуваат.

(2) Одговорното лице на институцијата или организацијата до која тие предмети се испратени или негов овластен застапник треба да достави до царинскиот орган писмена изјава со која ќе изјави дека знае за обврските од став (1) на овој член и дека се обврзува истите да ги исполни.

Член 17

(1) Опремата наменета за вршење на дејност, од страна на инвалиди од I и II категорија, за која биле оспособени по спроведената професионална рехабилитација е ослободена од плаќање на увозни давачки согласно член 194 точка 6) од Царинскиот закон, под услов тие самостојно да ја вршат таквата дејност.

(2) Лицето кое сака да го оствари правото на ослободување од плаќање на увозни давачки согласно член 194 точка 6) од Царинскиот закон треба на царинскиот орган да му поднесе:

- потврда од надлежен орган, односно комисија дека е оспособено за вршење на предметната дејност;

- доказ за регистрирање на дејноста, за која ја увезува опремата и

- потврда дека предметната опрема не се произведува во Република Македонија издадена од министерството за економија.

(3) Врз основа на поднесено барање од лицата од став (1) од овој член царинскиот орган донесува решение за ослободување од плаќање на увозни давачки согласно член 194 точка 6) од Царинскиот закон.

## ГЛАВА 6
## Гориво и мазиво во резервоарите, кои фабрички се вградени во моторните возила и моторцикли

Член 18

(1) Горивото кое се наоѓа во стандардните фабрички вградени резервоари на:

- приватните и комерцијалните моторни возила и на моторциклите и

- специјалните контејнери,

при влегување во царинското подрачје на Република Македонија е ослободено од плаќање на увозни давачки согласно член 194 точка 7) од Царинскиот закон, во рамките на одредбите од член 19 на оваа уредба.

(2) Како стандардни фабрички вградени резервоари, во смисла на став (1) на овој член се сметаат:

- резервоарите кои се трајно прицврстени од производителот во сите моторни возила и од ист тип како и предметните возила и чија трајна инсталација овозможува горивото директно да се употребува за погон, а кога е тоа потребно и за работа на ладилни и други системи во текот на транспортот,

- плински резервоари вградени во моторните возила кои се дизајнирани за директна употреба на плин како гориво и резервоари кои одговараат на останатите системи со кој можат да бидат опремени моторните возила и

- резервоари кои се трајно прицврстени од производителот во сите контејнери од ист тип и чија трајна инсталација овозможува горивото во текот на транспортот директно да се употребува за работа на ладилни и други системи, со кои специјалните контејнери можат да бидат опремени.

(3) Како специјални контејнери во смисла на став (1) на овој член се сметаат сите контејнери кои се опремени со посебни уреди за системите за ладење, системите за довод на кислород, системите за топлотна изолација и други системи.

(4) Ослободувањето од став (1) на овој член не се однесува за горивото во дополнителните резервоари, дури и кога тие резервоари се фабрички додадени кон стандардните фабрички вградени резервоари.

Член 19

Горивото, кое е ослободено од плаќање на увозни давачки може да се користи само во моторните возила, односно моторцикли во кои било увезено и не е дозволено да се отстрани од тоа возило односно моторцикл и да се чува, освен во време на неопходна поправка на возилото односно моторциклот, ниту е дозволено да се продаде или бесплатно да му се отстапи на друго лице.

Член 20

Ослободувањето од член 194 точка 7) од Царинскиот закон се однесува и на мазивата и моторните масла кои се наоѓаат во моторните возила односно моторцикли и кои се потребни за нивно нормално работење за време на предметното патување.

## ГЛАВА 7
## Лични предмети наследени во странство

Член 21

(1) Личните предмети кои биле сопственост на починатиот, а кои се наследени во странство од државјани на Република Македонија или од странски државјани со одобрен постојан престој во Република Македонија се ослободени од плаќање на увозни давачки согласно член 194 точка 8) од Царинскиот закон, во рамките на одредбите од член 22 и член 23 на оваа уредба.

(2) Предметите купени со наследени пари, предметите купени со пари кои се добиени со продавање на наследени предмети, како и предметите добиени со замена за наследени предмети не се сметаат за лични предмети во смисла на член 194 точка 8) од Царинскиот закон.

Член 22

Ослободувањето од член 194 точка 8) од Царинскиот закон не важи за:

а) алкохол и алкохолни пијалоци;

б) тутун и преработки од тутун;

в) комерцијални моторни возила;

г) предмети за употреба при вршење на трговија или професионална дејност кои ги употребувал починатиот при вршење на трговската или професионалната дејност;

д) залихи на суровини и готови или полуготови производи и

ѓ) живи животни и земјоделски производи кои ги надминуваат количините кои се соодветни за вообичаените семејни потреби.

Член 23

(1) Ослободувањето се дава само за лични предмети кои се пуштаат во слободен промет најдоцна во рок од две години од датумот кога лицето го добило правото на сопственост на предметите со конечната одлука за наследување.

(2) Личните предметите може да се увезуваат во една или повеќе одвоени пратки во периодот од став (1) на овој член.

Член 24

(1) Лицата кои сакаат да го остварат правото на ослободување од плаќање на увозни давачки согласно член 194 точка 8) од Царинскиот закон треба на царинскиот орган да му поднесат документ од овластен македонски или странски суд или документ од друг надлежен орган за наследување на предметите кои се увезуваат во кој изречно се наведени тие предмети.

(2) По исклучок од став (1) на овој член доколку се работи за наследени употребувани лични предмети кои починатиот лично ги употребувал (облека, кондури и слично) како доказ во смисла на став (1) на овој член може да се поднесе и извод од матичната книга на умрените.

(3) Врз основа на поднесено барање од лицата од став (1) од овој член царинскиот орган донесува решение за ослободување од плаќање на увозни давачки согласно член 194 точка 8) од Царинскиот закон.

## ГЛАВА 8
## Производи добиени од земјоделци на сопствени имоти кои се наоѓаат во соседната држава

Член 25

(1) Земјоделските, сточарските и животинските, пчеларските, градинарските и шумските производи од сопствени имоти, кои се наоѓаат во пограничниот појас на соседната држава, а кои ги обработуваат државјани на Република Македонија кои вршат земјоделска дејност во Република Македонија, се ослободени од плаќање на увозни давачки согласно член 194 точка 9) од Царинскиот закон, во рамките на одредбите од член 26 и член 27 на оваа уредба.

(2) За да се користи правото на ослободувањето од став (1) на овој член за сточарските и животинските производи, вклучувајќи го и подмладокот, тие треба да бидат добиени од животни со потекло од Република Македонија или од животни кои во Република Македонија биле пуштени во слободен промет.

(3) Правото на ослободување од плаќање согласно член 194 точка 9) од Царинскиот закон се користи согласно одредбите на соодветните меѓудржавни договори за малограничен и двосопственички промет.

Член 26

Ослободувањето од член 194 точка 9) од Царинскиот закон е ограничено на производите кои не биле подложени на било каков третман, освен од оној кој вообичаено следи по жетвата или производството.

Член 27

Ослободувањето од член 194 точка 9) од Царинскиот закон се дава само за производи кои се внесени во царинското подрачје на Република Македонија од земјоделскиот производител или во негово име.

Член 28

Лицето, кое сака да го оствари правото на ослободување од плаќање на увозни давачки од член 194 точка 9) од Царинскиот закон, на барање на царинскиот орган треба да достави доказ за сопственост на имотот кој се наоѓа во пограничното подрачје на соседната држава, како и изјава дека предметните производи се добиени на споменатиот имот.

ГЛАВА 9

**Учебни помагала**

Член 29

(1) Учебните помагала кои се наменети за лична употреба на ученици и студенти државјани на Република Македонија кои се школуваат во странство се ослободени од плаќање на увозни давачки согласно член 194 точка 10) од Царинскиот закон, доколку тие престојуваат во странство во период од најмалку една учебна година, и доколку ги поседувале тие помагала во период од најмалку 6 месеци пред нивното доаѓање во Република Македонија.

(2) Учебните помагала на странски ученици и студенти кои се школуваат во Република Македонија, а кои се наменети за нивна лична употреба за време на нивното школување, се ослободени од плаќање на увозни давачки согласно член 194 точка 10) од Царинскиот закон.

(3) Како учебно помагало во смисла на став (1) и став (2) на овој член се смета било кој предмет или инструмент (вклучувајќи калкулатор, машина за пишување и компјутер) кој вообичаено се употребува од ученици или студенти во текот школувањето.

Член 30

(1) Ослободувањето од член 194 точка 10) од Царинскиот закон за едно лице може се даде најмногу еднаш во текот на учебната година.

(2) Лицето, кое сака да го оствари правото на ослободување од плаќање на увозни давачки од член 194 точка 10) од Царинскиот закон, треба на царинскиот орган да му достави доказ дека е запишано во образовната институција како редовен ученик / студент.

(3) Како доказ од став (2) на овој член, се смета потврда од образовната институција (училиштето или факултетот) или ученичка книшка, индекс или друг сличен доказ кој според околностите за секој посебен случај, царинскиот орган може да го прифати како соодветен.

ГЛАВА 10

**Одликувања или награди**

Член 31

Со поднесување на доказ од страна на засегнатото лице на царинскиот орган, со кој се потврдува дека условите под кои се одобрува таквото ослободување се исполнети и доколку предметните дејствија не се од комерцијална природа од плаќање на увозни давачки, во согласност со член 194 точка 11) од Царинскиот закон, ослободени се следните одликувања и награди:

а) одликувања кои на државјани на Република Македонија со живеалиште во Република Македонија или на странски државјани со одобрен престој во Република Македонија им ги доделиле странски влади или меѓународни организации;

б) медали, пехари и слични предмети кои имаат пред се симболичен карактер, а кои биле доделени во странство на државјани на Република Македонија со живеалиште во Република Македонија или на странски државјанин со одобрен престој во Република Македонија како подарок, односно израз на почит, за дејностите во области како што се уметноста, науката, спортот или јавните служби или како признание за заслуги за поединечен настан (натпревари, изложби или приредби од меѓународно значење) кои во Република Македонија ги увезува самото лице кое ги добило;

в) медали, пехари и слични предмети кои имаат пред се симболичен карактер кои се дадени бесплатно од органи или лица со седиште во странство за доделување на царинското подрачје на Република Македонија за истите цели како оние наведени во точка б) на овој став и

г) трофеи и сувенири од симболична природа, а кои имаат мала вредност, наменети за бесплатна дистрибуција на лица кои имаат живеалиште или одобрен престој во странство на конгреси, деловни конференции или слични меѓународни настани. Нивната природа, единечна вредност или други карактеристики не смее да бидат такви што, може да укажуваат дека се увезуваат за комерцијални цели.

Член 32

(1) Лицето, кое сака да го оствари правото на ослободување од плаќање на увозни давачки од член 194 точка 11) од Царинскиот закон, во барањето за ослободување ги наведува околностите и условите за добивање на предметното одликување во странство со краток опис на предметот кој се увезува, односно околностите и условите за доделување на одликувања во Република Македонија со краток опис на видот, количината и вкупната вредност која се увезува.

(2) Со барањето од став (1) на овој член се доставува и документот кој го издава организаторот на настанот со кој се потврдува дека одликувањето, медалот, пехарот, спортскиот или друг трофеј, односно соодветниот предмет од симболична природа е доделен во странство на натпревар, изложба или приредба од меѓународно значење, односно документ со кој се потврдува организирањето на соодветен настан во Република Македонија.

(3) Наместо документот од став (2) на овој член, царинскиот орган може да прифати и лична изјава од лицето кое сака да го оствари правото на ослободување, доколку, според околностите на случајот ја смета за соодветна.

ГЛАВА 11

**Сопствени дела на научници, книжевници и уметници**

Член 33

(1) Предметите кои како сопствени дела ги внесуваат научници, книжевници и уметници се ослободени од плаќање на увозни давачки согласно член 194 точка 12) од Царинскиот закон. Како сопствени дела се сметаат и ограничен број на копии на тие дела заверени од авторот кога за таквиот вид на дела е вообичаен таков вид на презентација на уметничката или друга јавност.

(2) Лицето, кое сака да го оствари правото на ослободување од плаќање на увозни давачки од член 194 точка 12) од Царинскиот закон, поднесува изјава со која се потврдува дека стоката која се внесува е негово сопствено, научно, книжевно или уметничко дело, со опис на стоката на начин според кој се овозможува утврдување на истоветноста на стоката.

ГЛАВА 12

**Стока наменета за жртвите од природни и други непогоди**

Член 34

Стоката која се увезува од државните органи или регистрирани хуманитарни или добротворни организации е ослободена од плаќање на увозни давачки согласно член 195 точка 1) од Царинскиот закон, во рамките на одредбите од член 35 до 37 на оваа уредба, кога таа е наменета:

а) за бесплатна поделба за жртвите од природни и други непогоди кои имале влијание на територијата на Република Македонија или

б) бесплатно да се стави на располагање на жртвите на такви непогоди, а која останува во сопственост на тие органи или организации.

Член 35

Ослободување од член 195 точка 1) од Царинскиот закон не се дава за материјали и опрема наменети за повторна изградба на подрачјата погодени со непогоди.

Член 36

Државниот орган или регистрираната хуманитарна или добротворна организација, кој сака да го оствари правото на ослободување од плаќање на увозни давачки согласно член 195 точка 1) од Царинскиот закон, треба на царинскиот орган да му поднесе:

- изјава дека увезената стока (на пример: храна, лекови, облека, шатори, контејнери за живеење) ќе се употреби исклучиво за бесплатна поделба меѓу жртвите од природни и други непогоди или дека ќе остане во сопственост на тој орган или организација и дека ќе им биде бесплатно ставена на располагање на споменатите жртви и
- потврда од Министерство за труд и социјална политика, дека стоката со наведената количина вид и вредност е наменета за жртвите од природни или други непогоди.

Член 37

Ослободувањето од плаќање на увозни давачки согласно член 195 точка 1) од Царинскиот закон се дава само на органи и организации кои имаат книговодство кое на царинскиот орган му овозможува надзор врз нивното работење и кои ги нудат сите потребни гаранции за тоа дека ослободувањето од плаќање на увозни давачки не овозможува злоупотреба или нарушување на конкуренцијата.

## ГЛАВА 13
## **Стока за хуманитарни или добротворни организации**

Член 38

(1) Стока за хуманитарни или добротворни организации е ослободена од плаќање на увозни давачки во согласност со член 195 точка 2) од Царинскиот закон, под услов тоа да не предизвикува злоупотреби или поголеми нарушувања на конкуренцијата, и тоа:

а) стока за основни потреби која се увезува од хуманитарни или добротворни организации за бесплатно доделување на лица на кои им е потребна помош;

б) стока која е испратена бесплатно и без било каква комерцијална намера од странско лице или организација до хуманитарна или добротворна организација заради собирање на средства на повремени хуманитарни настани за потребите на лица на кои им е потребна помош и

в) опрема и канцелариски материјал, кои се испратени бесплатно и без било каква комерцијална намера од странско лице или организација до хуманитарна или добротворна организација за да се употребува исклучиво за задоволување на нивните службени потреби или за извршување на нивните хуманитарни или добротворни задачи.

(2) Како стока за основни потреби во смисла на став (1) точка а) од овој член се смета стоката потребна за задоволување на непосредните човечки потреби, како што се прехрамбени производи, лекови, облека и постелнина.

Член 39

Ослободувањето од член 195 точка 2) од Царинскиот закон не важи за:

а) алкохол и алкохолни пијалоци;

б) тутун и преработки од тутун;

в) кафе и чај и

в) моторни возила освен за амбулантни коли.

Член 40

Ослободувањето од плаќање на увозни давачки согласно член 195 точка 2) од Царинскиот закон се дава само на организации кои имаат книговодство кое на царинскиот орган му овозможува надзор врз нивното работење и кои ги нудат сите потребни гаранции за тоа дека ослободувањето од плаќање на увозни давачки не овозможува злоупотреба или нарушување на конкуренцијата.

Член 41

Регистрирани хуманитарни и доборотворни организации, кои сакаат да го остварат правото на ослободување од плаќање на увозни давачки согласно член 195 точка 2) од Царинскиот закон, треба на царинскиот орган да му поднесат:

- изјава дека увезената стока ќе се употреби исклучиво за извршување на нивните хуманитарни активности;
- спецификација на стоката во која е назначен трговскиот назив на стоката и количината;
- за стоката од точка член 38 став (1) точка б) и в) од оваа уредба, доказ дека стоката се увезува бесплатно;
- потврда од министерството за труд и социјална политика, дека стоката со наведената количина, вид и вредност има хуманитарен карактер и за кого е наменета и
- потврда од министерството за здравство кога хуманитарната помош е во лекови, потрошен медицински материјал, медицинска опрема и инвентар и резервни делови за медицински апарати со наведена количина, вид и вредност и за кого е наменета.

## ГЛАВА 14
## **Противпожарна и спасувачка опрема**

Член 42

(1) Техничка противпожарна опрема и спасувачка опрема, противпожарни возила и други спасувачки возила и резервни делови е ослободена од плаќање на увозни давачки согласно член 195 точка 3) од Царинскиот закон под услов да се увезуваат за непосредно вршење противпожарна или спасувачка дејност од противпожарни организации и други спасувачки служби.

(2) Како други спасувачки служби во смисла на став (1) од овој член се сметаат цивилната заштита и јавните служби за заштита, спасување и помош.

Член 43

Противпожарните организации и другите спасувачки служби, кои сакаат да го остварат правото на ослободување од плаќање на увозни давачки согласно член 195 точка 3) од Царинскиот закон, треба на царинскиот орган да му поднесат:

- потврда од министерството за внатрешни работи или друго министерство надлежно за заштита од природни и други несреќи со која се утврдува статусот на организацијата или службата од член 42 од оваа уредба, како и соодветноста на стоката која се увезува со мерките за организирање и опремување на силите за заштита, спасување и помош и
- потврда дека предметната опрема не се произведува во Република Македонија издадена од министерството за економија.

Член 44

(1) Организациите или службите кои го оствариле правото на ослободување од плаќање на увозни давачки согласно член 195 точка 3) од Царинскиот закон за возила кои на царинското подрачје дополнително се

опремуваат за противпожарна или друга спасувачка намена, треба во рок од три месеци сметано од денот на пуштањето во слободен промет, на царинскиот орган да му доставаат доказ дека возилата биле дополнително опремени и како биле опремени.

(2) Доколку организациите или службите во рокот наведен во став (1) на овој член не доставаат доволно докази за тоа дека возилата биле дополнително опремени и како биле опремени, за увезените возила треба да се платат увозните давачки пресметани врз основа на елементите за утврдување на давачки кои важеле во моментот на пуштање во слободен промет.

(3) Како дополнителна опрема во смисла на смисла на став (1) и став (2) од овој член се смета сета опрема со која се обезбедува или подобрува способноста на возилата за вршење на противпожарна или спасувачка дејност.

ГЛАВА 15

**Збирки и уметнички предмети, библиотекарски материјал и репродуцирано архивско градиво**

Член 45

Збирките и уметничките предмети кои се увезуваат за јавни музеи и јавни уметнички галерии, библиотекарски материјал кои се увезува за јавни библиотеки и репродуцирано архивско градиво кое се увезува за јавни архиви се ослободени од плаќање на увозни давачки согласно член 195 точка 4), точка 5) или точка 6) од Царинскиот закон под услов истите да се произведи од процесот на уметничкото создавање или образование и да не се наменети за натамошна продажба.

Член 46

Јавните музеи, галерии, библиотеки и архиви, кои сакаат да го остварат правото на ослободување од плаќање на увозни давачки согласно член 195 точка 2) од Царинскиот закон, треба на царинскиот орган да му поднесат:

- изјава дека предметите не се наменети за натамошна продажба;
- потврда дека стоката е наменета за потребите на установата од член 45 на оваа уредба издадена од Министерството за култура и
- доказ со кој се потврдува дека се работи за јавна установа.

ГЛАВА 16

**Опрема и резервни делови врз основа на влог на странско лице**

Член 47

Неупотребувани опрема и резервни делови (освен автомобили и канцелариски мебел) кои се увезуваат врз основа на влог на странско лице се ослободени од плаќање на увозни давачки согласно член 196 точка 1) од Царинскиот закон, под услов истата да служи за обавување на дејноста на друштвото.

Член 48

(1) Друштвото кое сака да го оствари правото на ослободување од плаќање на увозни давачки согласно член 196 точка 1) од Царинскиот закон, треба на царинскиот орган да му поднесе:

- доказ од надлежниот суд за водење на судски, односно трговски регистар за странски вложувања според кој се докажува дека опремата и резервните делови претставуваат влог на странско лице вклучувајќи го и вкупниот износ на средствата на основачот и на секој вложувач; Како доказ за извршен влог на странско лице се смета и доказот за откупени акции од страна на странскиот вложувач;
- изјава за точниот процент на учество на странскиот влог во опрема и резервни делови во однос на вкупно вложениот траен капитал на друштвото изготвена врз основа на доказот од првата алинеја од овој став од која произлегува дека процентот на учество на странскиот влог во вкупниот влог е еднаков или поголем од 20%;
- акт за основање (изјава за основање на трговско друштво - за еден основач, или договор за основање/вложување - за повеќе основачи/вложувачи) кој е наведен во доказот од првата алинеја од овој став и со кој се потврдува дека временскиот период за кој се врши вложувањето е подолг од три години;
- проценка од овластен судски проценител на опремата која што се вложува и која што е наведена во актот за основање;
- спецификација на опремата и резервните делови со назначена тарифна ознака од Царинската тарифа, вид, количина и вредност на стоката;
- изјава дека стоката по спецификацијата не била претходно царинета кој истиот или кај друг царински орган и
- доказ за дејноста на друштвото.

(2) Врз основа на поднесено барање од лицето од став (1) од овој член царинскиот орган донесува решение за ослободување од плаќање на увозни давачки согласно член 196 точка 1) од Царинскиот закон.

ГЛАВА 17

**Предмети од образовен, научен и културен карактер**
**Научни инструменти и апарати**

Член 49

Предметите од образовен, научен и културен карактер наведени во списокот од Прилог 3 на оваа уредба се ослободени од плаќање на увозни давачки согласно член 196 точка 2) од Царинскиот закон без оглед на примачот и на употребата за која тие предмети може да бидат наменети.

Член 50

Предметите од образовен, научен и културен карактер наведени во списокот од Прилог 4 на оваа уредба се ослободени од плаќање на увозни давачки согласно член 196 точка 2) од Царинскиот закон под услов тие да се наменети за:

- јавна образовна, научна или културна установа или организација, или
- установа или организација од категориите кои се наведени наспроти секој предмет во третата колона од Прилог 4 на оваа уредба.

Член 51

(1) Научните инструменти и апарати кои не се опфатени со член 50 од оваа уредба се ослободени од плаќање на увозни давачки согласно член 196 точка 2) од Царинскиот закон, во рамките на одредбите од членовите 52, 53, 54, 55 и 56 од оваа уредба, кога исклучиво се увезуваат за некомерцијални цели.

(2) Ослободувањето од став (1) на овој член е ограничено на научни инструменти и апарати кои се наменети за:

- јавни установи кои воглавно се ангажирани во образовни или научни истражувања и за оние оддели во јавните установи кои воглавно се ангажирани во образовни или научни истражувања, или
- приватни установи кои воглавно се ангажирани во образовни или научни истражувања.

(3) Како „увоз за некомерцијални цели“ во смисла на став (1) на овој член се смета увозот на научни инструменти или апарати наменети за употреба во непрофитни научни истражувања или образовни цели.

Член 52

Ослободувањето од плаќање на увозни давачки согласно член 196 точка 2) од Царинскиот закон се применува и за:

а) резервни делови, компоненти или прибор кои посебно одговараат за научни инструменти или апарати, под услов таквите резервни делови, компоненти или прибор да се увезени во исто време како и тие инструменти или апарати, или ако се увезуваат последователно, да може да се идентификува дека биле наменети за инструменти или апарати:

- кои претходно биле увезени со ослободување од плаќање на увозни давачки, под услов таквите инструменти или апарати да се сеуште од научна природа во времето кога се бара ослободување од плаќање на увозни давачки за специфичните резервни делови, компоненти или прибор, или

- кои би можеле да бидат ослободени од плаќање на увозни давачки во времето кога таквото ослободување се бара за специфичните резервни делови, компоненти или прибор и

б) алатите кои се користат за одржување, проверка, калибрирање или поправка на научни инструменти или апарати, под услов тие алати да се увезени во исто време како и таквите научни инструменти или апарати, или ако се увезуваат последователно да може да се идентификува дека биле наменети за инструменти или апарати:

- кои претходно биле увезени со ослободување од плаќање на увозни давачки, под услов таквите инструменти или апарати да се сеуште од научна природа во времето кога се бара ослободување од плаќање на увозни давачки за алатите, или

- кои би можеле да бидат ослободени од плаќање на увозни давачки во времето кога таквото ослободување се бара за алатите.

Член 53

(1) Како научни инструменти или апарати во смисла на член 51 и член 52 од оваа уредба се сметаат сите инструменти или апарати кои заради своите објективни технички карактеристики и заради резултатите кои овозможуваат да се добијат се воглавно или исклучиво погодни за научни активности.

(2) Како објективни технички карактеристики во смисла на став (1) на овој член се подразбираат оние технички карактеристики кои произлегуваат од конструкцијата на тој инструмент или апарат или од прилагодувањата извршени на стандардни инструменти или апарати со кои се овозможува добивање на перформанси со високо ниво кои се над оние кои се бараат од инструментите или апаратите за индустриска или комерцијална употреба.

(3) Кога не е можно јасно да се утврди врз основа на објективните технички карактеристики дали може инструментот или апаратот да се смета како научен инструмент или апарат, се врши поврзување со употребата на инструментот или апаратот чие ослободување од плаќање на увозни давачки се бара. Ако од проверките се утврди дека предметниот инструмент или апарат се употребува за научни цели се смета дека тој е од научен карактер.

Член 54

(1) Установата или организацијата која сака да го оствари правото на ослободување од плаќање на увозни давачки согласно член 196 точка 2) од Царинскиот закон, за предметите од културен карактер во рамките на одредбите од член 50 на оваа уредба, треба на царинскиот орган да му поднесе:

- потврда од Министерството за култура дека се работи за предмети од културен карактер,

- потврда дека предметната опрема не се произведува во Република Македонија издадена од министерството за економија,

- изјава дека стоката е непосредно наменета за вршење на дејности од областа на културата и

- писмената изјава во согласност со член 56 став (2) на оваа уредба.

(2) Потврдата од правата алинеја од став (1) од овој член се издава врз основа на барање во кое се наведуваат или кон кое се приложуваат сите податоци потребни да се утврди дали се работи за предмети од културен карактер кои може да бидат ослободени од плаќање на увозни давачки согласно член 196 точка 2) од Царинскиот закон.

(3) Потврдата од правата алинеја од став (1) од овој член може да се издаде за секој посебен случај или за определен рок. Доколку потврдата се издава за определен рок, во неа, освен податоците за дејноста, мора да биде наведена и стоката за која се однесува.

(4) Врз основа на поднесено барање од лицата од став (1) од овој член царинскиот орган донесува решение за ослободување од плаќање на увозни давачки согласно член 196 точка 2) од Царинскиот закон.

Член 55

(1) Установата или организацијата која сака да го оствари правото на ослободување од плаќање на увозни давачки согласно член 196 точка 2) од Царинскиот закон, за предметите од образовен или научен карактер во рамките на одредбите од член 50 и член 51 на оваа уредба, треба на царинскиот орган да му поднесе:

- потврда од Министерството за образование и наука дека предметите се од образовен или научен карактер,

- потврда дека предметната опрема не се произведува во Република Македонија издадена од министерството за економија,

- изјава дека стоката е непосредно наменета за вршење на дејности од областа на образованието или науката и

- писмената изјава во согласност со член 56 став (2) на оваа уредба;

(2) Потврдата од правата алинеја од став (1) од овој член се издава врз основа на барање во кое се наведуваат следните информации поврзани со предметниот инструмент или апарат:

а) прецизен трговски опис на инструментот или апаратот кој го употребува производителот, претпоставена тарифна ознака според Царинската тарифа, објективни технички карактеристики врз основа на кои се смета дека инструментот или апаратот е научен;

б) име и адреса на производителот, и кога е потребно на добавувачот;

в) земја на потекло на инструментот или апаратот;

г) место каде инструментот или апаратот ќе се употребува;

д) прецизен опис на употребата за која инструментот или апаратот е наменет;

ѓ) цената на предметите или цената за царински цели и

е) количина на предметите.

(3) Кон барањето се приложуваат и докази кои ги даваат сите релевантни информации за карактеристиките и техничките спецификации на инструментите или апаратите.

(4) Потврдата од правата алинеја од став (1) од овој член може да се издаде за секој посебен случај или за определен рок. Доколку потврдата се издава за определен рок, во неа, освен податоците за дејноста, мора да биде наведена и стоката за која се однесува.

(5) Врз основа на поднесено барање од лицата од став (1) од овој член царинскиот орган донесува решение за ослободување од плаќање на увозни давачки согласно член 196 точка 2) од Царинскиот закон.

(6) Одредбите од став од (1) од овој член се применуваат соодветно за предметите од член 52 од оваа уредба. Потврдата од Министерството за образование

и наука во овој случај се издава врз основа на барање во кое се наведуваат или кон кое се приложуваат сите податоци потребни да се утврди дали се работи за предмети од образовен или научен карактер кои може да бидат ослободени од плаќање на увозни давачки согласно член 196 точка 2) од Царинскиот закон во согласност со условите од член 52 од оваа уредба.

Член 56

(1) Увозот со ослободување од плаќање на увозни давачки согласно член 196 точка 2) од Царинскиот закон, на предметите од образовен, научен или културен карактер од членовите 50, 51, и 52 од оваа уредба, им ги наметнува на установите или организациите до кои тие предмети се испратени следните обврски:

- да ги испорачаат тие предмети директно до местото кое е декларирано како одредиште,
- да ги внесат тие предмети во нивното книговодство,
- да ги употребуваат исклучиво за целите наведени во наведените членови и
- да ја помогнат и олеснат било која проверка која царинскиот орган смета дека е потребна со цел да утврди дали условите за одобрување на увоз со ослободување од плаќање на увозни давачки се исполнети, или продолжиле да се исполнуваат.

(2) Одговорното лице на установата или организацијата до која тие предмети се испратени или негов овластен застапник треба да достави до царинскиот орган писмена изјава со која ќе изјави дека знае за обврските од став (1) на овој член и дека се обврзува истите да ги исполни.

ГЛАВА 18

**Терапевтски супстанци од човеково потекло и реагенси за определување на крвни групи и на типови ткива**

Член 57

Во рамките на одредбите од член 58 од оваа уредба, ослободена од плаќање на увозни давачки во согласност со член 196 точка 3) од Царинскиот закон е следната стока:

а) терапевтски супстанци од човеково потекло и тоа: човечка крв и нејзини деривати (чиста човечка крв, сува човечка плазма, хуман албумин и подготвени раствори на хумана плазма протеин, хуман имуноглобулин и хуман фибриноген);

б) реагенси за определување на крвни групи, било да се од човечко, животинско, растително или друго потекло кои се употребуваат за одредување на крвни групи и за откривање на крвна некомпатибилност и

в) реагенси за определување на типови ткива било да се од човечко, животинско, растително или друго потекло кои се употребуваат за одредување на типови на ткива.

Член 58

Ослободувањето од плаќање на увозни давачки согласно член 196 точка 3) од Царинскиот закон е ограничено за производите кои:

а) се наменети за институции или лаборатории за употреба исклучиво за некомерцијални медицински или научни цели;

б) ги прати сертификат за слободна продажба издаден од надлежно тело во земјата на производителот и

в) се наоѓаат во контејнери кои се означени со посебна етикета за нивно препознавање.

Член 59

Ослободувањето од плаќање на увозни давачки согласно член 196 точка 3) од Царинскиот закон го опфаќа и посебното пакување кое е важно за транспортот на терапевтските супстанци од човеково потекло и реагенсите за определување на крвни групи и на типови ткива, како и сите раствори прибор потребни за нивна употреба доколку се наоѓаат во пратката.

Член 60

Институцијата или лабораторијата која сака да го оствари правото на ослободување од плаќање на увозни давачки согласно член 193 од Царинскиот закон, треба на царинскиот орган да му поднесе потврда од министерството за здравство од која може да се идентификува видот, количината и вкупната вредност на стоката која се увезува.

ГЛАВА 19

**Лабораториски животни и биолошки или хемиски супстанции наменети за истражување**

Член 61

(1) Ослободување од плаќање на увозни давачки во согласност со член 196 точка 4) од Царинскиот закон се дава за:

а) животни посебно подготвени за лабораториска употреба и

б) биолошки или хемиски супстанци наведени во Прилог 5 од оваа уредба кои се увезуваат исклучиво за некомерцијални цели.

(2) Ослободувањето од став (1) на овој член е ограничено на животни и биолошки или хемиски супстанции кои се наменети за:

- јавни установи кои воглавно се ангажирани во образовни или научни истражувања и за оние оддели во јавните установи кои воглавно се ангажирани во образовни или научни истражувања, или
- приватни установи кои воглавно се ангажирани во образовни или научни истражувања.

(3) Установата која сака да го оствари правото на ослободување од плаќање на увозни давачки согласно член 196 точка 4) од Царинскиот закон треба на царинскиот орган да му поднесе потврда од министерството за наука и образование дека се работи за лабораториски животни или биолошки или хемиски супстанции наменети за истражување во установи кои воглавно се ангажирани во образовни или научни истражувања.

ГЛАВА 20

**Мостри на стока со мала вредност**

Член 62

(1) Мострите на стока со мала вредност кои може да се употребат само за поттикнување на нарачки за стока од тој вид, а со цел таа да биде увезена на царинското подрачје на Република Македонија, се ослободени од плаќање на увозни давачки во согласност со член 196 точка 5) од Царинскиот закон.

(2) Царинскиот орган може да побара, одделни мостри да бидат направени трајно неупотребливи со тоа што ќе бидат истргнати, перфорирани, јасно и неизбришливо означени, или на било кој друг начин, но под услов таквите операции да не го уништат нивниот карактер како мостра.

(3) Како мостри на стока во смисла на став (1) од овој член се сметаат било кои предмети кои го претставуваат видот на стока, чиј начин на презентирање и количина, на стока од ист вид или квалитет, не овозможува да бидат употребени за други цели освен за поттикнување на нарачки.

(4) Лицето кое сака да го оствари правото на ослободување од плаќање на увозни давачки согласно 196 точка 5) од Царинскиот закон, треба на царинскиот орган да му поднесе изјава дека декларираните мостри на стоката му се испратени бесплатно и дека ќе ги користи исклучиво за целите наведени во став (1) на овој член.

ГЛАВА 21
**Печатен рекламен материјал**

Член 63

Печатен рекламен материјал, како што се каталози, ценовници, упатства за употреба или брошури, е ослободен од плаќање на увозни давачки во согласност со член 196 точка 6) од Царинскиот закон, во рамките на одредбите од член 64 на оваа уредба, под услов тој да се однесува на:

а) стока за продажба или за давање во наем, или

б) понудени транспортни услуги, услуги за осигурување или банкарски услуги од лица со седиште надвор од царинското подрачје на Република Македонија.

Член 64

Ослободувањето од член 63 на оваа уредба е ограничено само на печатени рекламни материјали кои ги исполнуваат следните услови:

а) во печатениот материјал треба јасно да е наведено името на друштвото кое ја произведува, продава или дава под наем предметната стока или кое нуди соодветни услуги,

б) секоја пратка треба да содржи не повеќе од еден документ или еден примерок од секој документ доколку пратката се состои од повеќе документи. Пратката која содржи повеќе примероци од ист документ може да се ослободи од плаќање на увозни давачки, доколку нејзината вкупна бруто тежина не надминува еден килограм и

в) печатениот материјал не може да биде предмет на збирни пратки од ист испраќач до ист примач.

Член 65

Предметите за рекламни цели без вистинска комерцијална вредност, испратени бесплатно од добавувачите до нивните странки, кои освен тоа што имаат рекламна функција не е возможно да се употребат поинаку истотака се ослободени од плаќање на увозни давачки во согласност со член 196 точка 6) од Царинскиот закон.

ГЛАВА 22
**Предмети за употреба на саеми, трговски изложби или слични манифестации**

Член 66

(1) Предмети за употреба на саеми, трговски изложби или слични манифестации ослободени од плаќање на увозни давачки во согласност со член 196 точка 7) од Царинскиот закон се:

а) помали мостри за претставување на стока произведена надвор од царинското подрачје на Република Македонија, наменети за саеми, трговски изложби или слични настани;

б) стока која се увезува исклучиво заради претставување на машини и апарати произведени надвор од царинското подрачје на Република Македонија кои се претставуваат на саеми, трговски изложби или слични настани;

в) разни материјали со мала вредност како што се бои, лакови, тапети и слично кои се користат за поставување, опремување и уредување на привремените штандови на странски излагачи на саеми, трговски изложби или слични настани, кои се уништуваат по нивната употреба и

г) печатен материјал, каталози, проспекти, ценовници, рекламни плакати, календари (илустрирани или неилустрирани), неврамени фотографии и други предмети кои бесплатно им се делат на посетителите со цел да се рекламира стоката произведена надвор од царинското подрачје на Република Македонија која е изложена на саеми, трговски изложби или слични настани.

(2) Како саем, трговска изложба или сличен настан во смисла на став (1) од овој член се смета:

а) саем, трговска изложба, претставување или сличен настан од доменот на трговијата, индустријата, земјоделието или занаетчиството;

б) саеми, изложби и настани организирани пред се за добротворни цели;

в) саеми, изложби и настани организирани пред се за научни, технички, занаетчиски, уметнички, образовни или културни, или спортски цели, за религиозни или верски цели, синдикални активности, или туризам, или со цел да се промовира меѓународно разбирање;

г) средби на претставници од меѓународни организации или колективни органи и

д) службени или комеморативни свечености и собири;

(3) Како саем, трговска изложба или сличен настан во смисла на став (1) од овој член не се сметаат саеми и изложби организирани за приватни цели во продавници или други простории заради продажба на странска стока.

Член 67

Ослободувањето од плаќање на увозни давачки согласно член 66 став (1) точка а) од оваа уредба е ограничено на мостри кои:

а) се увезуваат бесплатно од странство или се добиени на саемот или изложбата од стоки кои се увезени збирно од странство;

б) се делат исклучиво бесплатно на посетителите на саемите и изложбите за употреба или трошење од самите лица на кои им биле понудени;

в) може да се идентификуваат како рекламни мостри со мала единечна вредност;

г) не може едноставно да се пуштат на пазарот и, доколку тоа е соодветно, се спакувани на начин од кој се гледа дека количината на предмети е помала од најмалата количина на исти предмети кои навистина се продаваат на пазарот;

д) се трошат директно на саемот или изложбата, доколку се работи за храна и пијалоци кои не се спакувани на начинот од точка г) на овој член и

ѓ) нивната вкупна вредност и количина одговара на видот на саемот и изложбата, како и на бројот на посетителите, времетраењето на саемот и изложбата и учеството на излагачот.

Член 68

Ослободувањето од плаќање на увозни давачки согласно член 66 став (1) точка б) од оваа уредба е ограничено на стока која:

а) се троши или уништува на саемот или изложбата и

б) е соодветна, во поглед на нејзината вкупна вредност и количина, на видот на саемот или изложбата, на бројот на посетителите, како и на времетраењето на саемот или изложбата и учеството на излагачот.

Член 69

Ослободувањето од плаќање на увозни давачки согласно член 66 став (1) точка г) од оваа уредба е ограничено на печатен материјал и предмети за рекламни цели кои:

а) се наменети исклучиво за бесплатно делење на посетителите на местото каде се одржува саемот или изложбата и

б) во поглед на нивната вкупна вредност и количина се соодветни на видот на саемот или изложбата, на бројот на посетителите, како и на времетраењето на саемот или изложбата и учеството на излагачот.

Член 70

Ослободувањето од плаќање на увозни давачки согласно член 66 став (1) точки а) и б) од оваа уредба не се дава за:

а) алкохол и алкохолни пијалоци;

б) тутун и преработки од тутун и

в) горива, било да се работи за течни, тврди или гас.

ГЛАВА 23
**Стока која се увезува заради испитување, истражување, анализирање или тестирање**

Член 71

Стоката наменета за испитување, истражување, анализирање или тестирање заради утврдување на нејзиниот состав, квалитет или други технички карактеристики заради информирање или, индустриски или комерцијално истражување е ослободена од плаќање на увозни давачки во согласност со член 196 точка 8) од Царинскиот закон, во рамките на одредбите од член 72 до член 77 од оваа уредба.

Член 72

Ослободувањето од плаќање на увозни давачки од член 196 точка 8) од Царинскиот закон се дава само под услов стоката која се испитува, истражува, анализира или тестира да биде целосно употребена или уништена при спроведување на испитувањето, истражувањето, анализирањето или тестирањето.

Член 73

Стоката која се употребува за испитување, истражување, анализирање или тестирање кое само по себе претставува дејствие за промоција на продажбата неможе да го користи правото на ослободување од плаќање на увозни давачки согласно член 196 точка 8) од Царинскиот закон.

Член 74

Ослободувањето од плаќање на увозни давачки од член 196 точка 8) од Царинскиот закон се дава само за количината на стока која е точно потребна за целите за кои се увезува. Оваа количина во секој посебен случај ја утврдува царинскиот орган врз основа на податоците за предметната цел за која стоката се употребува.

Член 75

(1) Ослободувањето од плаќање на увозни давачки од член 196 точка 8) од Царинскиот закон ја опфаќа и стоката која целосно не се искористува или уништува за време на испитувањето, истражувањето, анализирањето или тестирањето под услов преостанатите производи кои остануваат, со одобрение и под надзор на царинскиот орган, да бидат:

- целосно уништени или доведени без вистинска комерцијална вредност по завршувањето на испитувањето, истражувањето, анализирањето или тестирањето,
- отстапени во корист на државата без притоа да се причини било каков трошок, или
- извезени од царинското подрачје на Република Македонија, во посебно оправдани и образложени случаи.

(2) Како преостанати производи кои остануваат во смисла на став (1) на овој член се смета стоката која произлегува од испитувањето, истражувањето, анализирањето или тестирањето, како и стоката која не била искористена.

Член 76

(1) За продуктите кои остануваат по испитувањето, истражувањето, анализирањето или тестирањето треба да се платат увозните давачки пресметани врз основа на елементите за утврдување на давачки кои важат во моментот на завршувањето на испитувањето, истражувањето, анализирањето или тестирањето.

(2) Заинтересираното лице може со одобрение и под надзор на царинскиот орган продуктите кои остануваат да ги преработи во отпадоци и остатоци. Во овој случај треба да се платат увозните давачки кои се применуваат на такви отпадоци или остатоци во времето на преработката.

Член 77

(1) Рокот во кој испитувањето, истражувањето, анализирањето или тестирањето треба да се спроведи и да се завршат административните формалности со цел да се обезбеди употребата на стоката за целите за кои е наменета, го утврдува царинскиот орган.

(2) Врз основа на поднесено барање од заинтересираното лице царинскиот орган донесува решение за ослободување од плаќање на увозни давачки согласно член 196 точка 2) од Царинскиот закон.

ГЛАВА 24

**Пратки испратени на организации за заштита на авторските права или правата од индустриска сопственост**

Член 78

(1) Трговски марки, модели или дизајни и нивните придружни документи, како и поднесоци за признавање на патенти за пронајдоци или слично, што им се доставуваат на организациите кои се надлежни за заштита на авторските права или правата од индустриска сопственост се ослободени од плаќање на увозни давачки во согласност со член 196 точка 9) од Царинскиот закон.

(2) Лицето, кое сака да го оствари правото на ослободување од плаќање на увозни давачки од член 196 точка 9) од Царинскиот закон, треба на царинскиот орган да му достави писмена изјава за целта на употребата на документацијата.

ГЛАВА 25

**Туристички пропаганден материјал**

Член 79

(1) Од плаќање на увозни давачки во согласност со член 196 точка 10) од Царинскиот закон ослободени се:

а) туристичка информативна документација (проспекти, брошури, книги, списанија, водичи, врамени и неврамени постери, неврамени фотографии и фотографии во поголем формат, илустрирани и неилустрирани карти и илустрирани календари), наменета за бесплатно делење, а чија главна цел е поттикнување на јавноста да посети странски држави, а посебно да присуствува на културни, туристички, спортски, верски, трговски, стопански или стручни или настани, под услов таквата документација да не содржи повеќе од 25 % странски приватни комерцијални рекламни материјали, исклучувајќи ги сите приватни комерцијални реклами за трговски друштва од Република Македонија, и под услов општата природа на нејзините промотивни цели јасно да се гледа;

б) списоци на странски хотели и годишници, што ги издаваат официјални туристички агенции или кои се издаваат во нивна организација, како и возни редови на странски превозници, кога таквата литература е наменета за бесплатно делење и доколку не содржи повеќе од 25% приватни комерцијални реклами, исклучувајќи ги сите приватни комерцијални реклами за трговски друштва од Република Македонија и

в) референтен материјал доставен до акредитирани претставници или дописници, кои се именувани од официјална национална туристичка агенција, ако не е наменет за натамошно делење, како на пример годишници, телефонски или телефакс именици, списоци на хотели, хотелски ценовници, саемски каталози, мостри од предмети од домашно занаетчиство со мала вредност, како и литература за музеи, универзитети, лекувалишта или други слични установи.

(2) Лицето, кое сака да го оствари правото на ослободување од плаќање на увозни давачки од член 196 точка 10) од Царинскиот закон, треба на царинскиот орган да му достави изјава дека декларираната стока ќе ја употреби за целите наведени во став (1) од овој член.

ГЛАВА 26

**Фармацевтски производи кои се употребуваат на меѓународни спортски манифестации**

Член 80

(1) Фармацевтските производи за здравствена или ветеринарна намена од лица или животни кои доаѓаат од странство да учествуваат на меѓународни спортски манифестации организирани во царинското подрачје на Република Македонија, се ослободени од плаќање на увозни давачки во согласност со член 196 точка 11) од Царинскиот закон во рамките на количините кои се потребни за задоволување на нивните потреби за време на престојот во Република Македонија.

(2) Спортистите или сопствениците на животните кои сакаат да го остварат правото на ослободување од плаќање на увозни давачки од член 196 точка 11) од Царинскиот закон на царинскиот орган треба да му достават изјава дека им се потребни фармацевтските производи за задоволување на нивните потреби за време на престојот во Република Македонија и изјава од организаторот за нивно учество на меѓународна спортска манифестација.

(3) Наместо поединечни изјави на организаторот од став (2) на овој член на царинскиот орган може да му се достави и збирен список на сите учесници на меѓународната спортска манифестација.

ГЛАВА 27
**Материјали потребни за прицврстување и за заштита на стоката во текот на транспортот**

Член 81

Разни материјали како што се јажиња, слама, хартија, платно, хартија и картон, дрво и пластика кои се употребуваат за прицврстување и за заштита, вклучувајќи и заштита од топлина, на стоката во текот на транспортот од странство во царинското подрачје на Република Македонија, кои вообичаено повторно не се употребуваат, се ослободени од плаќање на увозни давачки во согласност со член 196 точка 12) од Царинскиот закон.

ГЛАВА 28
**Подлога и храна за животни во текот на транспортот**

Член 82

Подлога и храна од секаков вид за добиток и животни, која е ставена во превозното средство со кое се транспортираат животните од странство во царинското подрачје на Република Македонија со цел да им се дели на тие животни во текот на патувањето е ослободена од плаќање на увозни давачки во согласност со член 196 точка 13) од Царинскиот закон.

ГЛАВА 29
**Материјали за изградба, одржување или украсување на спомен обележја или гробишта на жртвите од војна**

Член 83

Стока од секаков вид која се употребува за изградба, одржување или украсување на гробишта и гробови, како и на спомен обележја на жртвите од војна од странство кои се погребани во царинското подрачје на Република Македонија, а која се увезува од организации на кои тоа им е одобрено од надлежен орган во Република Македонија, е ослободена од плаќање на увозни давачки во согласност со член 196 точка 14) од Царинскиот закон.

ГЛАВА 30
**Ковчези, погребни урни и придружни погребни предмети**

Член 84

Од плаќање на увозни давачки во согласност со член 196 точка 15) од Царинскиот закон ослободени се:

а) ковчези со тела и погребни урни со пепел од починати лица, како и цвеќе, погребни венци и други декоративни предмети кои вообичаено ги придружуваат и

б) цвеќе, погребни венци и други декоративни предмети кои ги внесуваат лица со живеалиште или одобрен престој во странство кои доаѓаат на погреб или кои доаѓаат да украсат гроб на царинското подрачје на Република Македонија, под услов по својата природа или количината, да не укажуваат дека се увезуваат за комерцијални намера.

ГЛАВА 31
**Други документи и предмети**

Член 85

Лицето кое сака да го оствари правото на ослободување од плаќање на увозни давачки на разните документи и предмети од член 197 од Царинскиот закон, треба на царинскиот орган да му поднесе докази за фактите или околностите кои претставуваат основа за ослободување од плаќање на увозните давачки.

ГЛАВА 32
**Стока која како подарок е добиена од странски донатори**

Член 86

(1) Стоката која како подарок е добиена од странски донатори, како и увезена стока купена со парични средства добиени како подарок на државните органи, општините, градот Скопје и на јавно правните субјекти е ослободена од плаќање на увозни давачки согласно член 198 став (1) од Царинскиот закон.

(2) Државните органи, општините, градот Скопје и на јавно правните субјекти кои сакаат да го остварат правото на ослободување од плаќање на увозни давачки, согласно став (1) од овој член, потребно е на царинскиот орган да му поднесат барање кое треба да ги содржи следниве податоци:

- име-назив и адреса на корисникот и донаторот,
- доказ за статутот на корисникот и донаторот и
- трговски назив на стоката со назначување на количината и вредноста на стоката.

(3) Во прилог на барањето од став (3) на овој член се доставуваат и следниве исправи:

- доказ дека се работи за донација (фактура која е без плаќање на противвредност во странство, договор за подарок-донација на стоката која се увезува или писмо од донаторот дека стоката која се испраќа е подарок, односно донација) и
- изјава каде и за што ќе се користи стоката.

(3) Кога се увезува стока која е купена со парични средства добиени како подарок, покрај податоците и исправите наведени во став (2) и став (3) од овој член, на царинскиот орган треба да му се достави и доказ од банка дека добиените парични средства како подарок се внесени, односно евидентирани на сметка на примачот на донацијата.

(4) Како јавно правни субјекти во смисла на став (1) од овој член се сметаат јавните претпријатија и јавните установи.

ГЛАВА 33
**Стока потребна за реализирање на проекти финансирани со парични средства на странски донатори**

Член 87

(1) Стоката која е потребна за реализирање на проекти финансирани со парични средства на странски донатори врз основа на договори меѓу Владата на Република Македонија и странски донатори во кој стои клаузула дека донираните средства не можат да се користат за плаќање на увозни давачки е ослободена од плаќање на увозни давачки согласно член 198 став (2) од Царинскиот закон.

(2) Субјектот задолжен за реализирање на проектот - имплементаторот (корисниците на средства од Буџетот на Република Македонија, фондовите, невладини организации регистрирани во Република Македонија) кој сака да го оствари правото на ослободување од плаќање на увозни давачки од став (1) на овој член треба на царинскиот орган да му поднесе потврда од Министерството за финансии со која се потврдува дека стоката има право на ослободување од плаќање на увозни давачки.

ГЛАВА 34
**Преодни и завршни одредби**

Член 88

Прилозите од членовите 12, 49, 50 и 61 од оваа уредба се составен дел на оваа уредба.

Член 89

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 2006 година.

Бр. 19-4586/1
26 декември 2005 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски**, с.р.

## ПРИЛОГ 1

**Предмети кои се специјално дизајнирани за слепи лица**

Ослободени од плаќање на увозни давачки согласно член 194 точка 5) од Царинскиот закон и член 12 став (1) од оваа уредба

| **Распоредување согласно Царинската тарифа** | **Опис** |
|---|---|
| 4911 | Друг печатен материјал, вклучувајќи печатени слики и фотографии: |
| 4911 10 | - Трговски рекламен материјал, трговски каталози и слично: |
| ex 4911 10 90 00 | - - Друго |
| | - наменети за слепи лица или лица со слаб вид |
| | - Друго: |
| ex 4911 91 00 00 | - - Слики, гравури и фотографии |
| | - наменети за слепи лица или лица со слаб вид |
| ex 4911 99 00 00 | - - Друго |
| | - наменети за слепи лица или лица со слаб вид |

# ПРИЛОГ 2

**Предмети кои се специјално дизајнирани за слепи лица**

Ослободени од плаќање на увозни давачки согласно член 194 точка 5) од Царинскиот закон и член 12 став (2) од оваа уредба

| Распоредување согласно Царинската тарифа | Опис |
|---|---|
| ex 4802 | Непремачкана хартија и картон, кои се употребуваат за пишување, печатење или други графички цели, и неперфорирани дупчени картички и ленти, во ролни или правоаголни листови (вклучувајќи и квадратни), со било каква димензија, освен хартија од тар. број 4801 или 4803; рачно изработена хартија и картон: |
| | - брајова хартија |
| ex 4804 | Крафт-хартија и картон, непремачкани, во ролни или листови, освен оние од тар. број 4802 или 4803: |
| | - брајова хартија |
| ex 4805 | Друга непремачкана хартија и картон, во ролни или листови, понатаму необратена или доработена освен оваа наброена во забелешка 3 кон оваа глава: |
| | - брајова хартија |
| ex 4823 | Друга хартија, картон, целулозна вата и листови и ленти од целулозни влакна, сечени во определена големина или форма; други производи од хартиена маса, хартија, картон, целулозна вата или листови или ленти од целулозни влакна: |
| | - брајова хартија |
| ex 6602 00 00 00 | Бастуни, стапови-столови, камшици, корбачи и слично |
| | - бели бастуни за слепи лица или лица со слаб вид |
| ex 8469 | Машини за пишување освен печатарите од тар.број 8471; машини за обработка на текст: |
| | - прилагодени за употреба од слепи лица или лица со слаб вид |
| ex 8471 | Машини за автоматска обработка на податоци и нивни единици; магнетни или оптички читачи, машини за преснимување на податоци на носители на податоци во кодирана форма и машини за обработка на такви податоци, неспомнати или неопфатени на друго место: |
| | - опрема за механичко изработување на брајови и други снимени материјали за слепи лица |

| Распоредување согласно Царинската тарифа | Опис |
|---|---|
| ex 8519 | Грамофони, со и без сопствен засилувач, касетофони и други апарати за репродукција на звук што немаат вграден уред за снимање на звук |
| | - касетофони посебно дизајнирани или прилагодени за слепи лица или лица со слаб вид |
| ex 8524 | Плочи, ленти и други снимени подлоги со звучни или други слични феномени, вклучувајќи матрици и галвански отпечатоци за производство на плочи, освен производите од Глава 37: |
| | - говорни книги |
| | - магнетни ленти и касети за изготвување на Брајови и говорни книги |
| 9013 | Уреди со течни кристали што не претставуваат производи по специфично опишани во други тарифни броеви; ласери, освен ласерски диоди; други оптички уреди и инструменти, неспоменати ниту опфатени на друго место во оваа глава: |
| ex 9013 80 | - Други уреди, апарати и инструменти: |
| | - телевизорски зголемувачи за лица со слаб вид |
| 9021 | Ортопедски справи, вклучувајќи и патерици, хируршки појаси и потпашувачи (натеги); шини и други справи за фрактури; вештачки делови на телото; апарати за подобрување на слухот и други апарати што се носат, или вградуваат во телото, за да го надоместат недостатокот или инвалидноста: |
| 9021 90 | - Друго: |
| ex 90 21 90 90 00 | - - Друго: |
| | - електрични уреди за ориентација и уреди за откривање на пречки за слепи лица или лица со слаб вид |
| | - телевизорски зголемувачи за лица со слаб вид |
| | - електрични машини за читање за слепи лица или лица со слаб вид |
| 9023 | Инструметни, апарати и модели, наменети за цели на демонстрирање (на пр. за образованието или за изложби), што се непогодни за други употреби: |
| ex 9023 00 80 00 | - Друго |
| | - училишни помагала и апарати дизајнирани за употреба од слепи лица или лица со слаб вид |
| ex 9102 | Рачни, џебни и други лични часовници, вклучувајќи и штоперици, освен оние што се распоредуваат во тар.бр. 9101: |
| | - брајов часовник, кој не е изработен од племенит метал |

| Распоредување согласно Царинската тарифа | Опис |
|---|---|
| 9504 | Производи за панаѓурски игри, игри за маса или друштвени игри, вклучувајќи и флипери, билијард, специјални маси за казино-игри и опрема за автоматски куглани: |
| 9504 90 | - Друго: |
| ex 9504 90 90 00 | - -Друго |
| | - игри за маса и прибор посебно прилагодени за употреба од слепи лица или лица со слаб вид |
| Разно | Сите други предмети посебно дизајнирани за образовен, научен или културен развој на слепи лица или лица со слаб вид |

# ПРИЛОГ 3

**Предметите од образовен, научен и културен карактер**

Ослободени од плаќање на увозни давачки согласно член 196 точка 2) од Царинскиот закон и член 49 од оваа уредба

**А. Книги, публикации и документи**

| **Распоредување согласно Царинската тарифа** | **Опис** |
|---|---|
| 3705 | Фотографски плочи и филмови, осветлени и развиени, освен кинематографски филм: |
| ex 3705 20 00 00 | - Микрофилмови на книги, детски книги со слики и книги за боење и цртање, училишни книги за вежбање (работни книги), книги со крстозбори - сложувалки, весници и периодични списанија, печатени документи или извештаи од некомерцијален карактер, како и илустрации, печатени страници и отисоци за печатење книги |
| ex 3705 10 00 00 | - Филмови за офсетна репродукција на книги |
| ex 3705 90 00 00 | - Други филмови за репродукција на книги |
| 4903 00 00 00 | Детски книги со слики, вклучувајќи книги за цртање или боење |
| 4905 | Географски и хидрографски карти или слични карти од сите видови, вклучувајќи, атласи, ѕидни карти, топографски планови и глобуси, печатени: |
| | - Друго: |
| ex 4905 99 00 00 | - - Друго<br>-Мапи, карти и дијаграми од интерес во научни области како што е геологија, зоологија, ботаника, минералогија, палеонтологија, археологија, етнологија, метереологија, климатологија и геофизика |
| ex 4906 00 00 00 | Оригинални планови и цртежи работени со рака, за архитектура, машиноградба и индустрија и нивни репродукции |
| 4911 | Друг печатен материјал, вклучувајќи печатени слики и фотографии: |
| 4911 10 | - Трговски рекламен материјал, трговски каталози и слично: |

| Распоредување согласно Царинската тарифа | Опис |
|---|---|
| ex 4911 10 90 00 | - - Друго<br>-Каталози на книги и публикации, кои се нудат за продажба од издавачи или во книжари регистрирани надвор од царинското подрачје на Република Македонија<br>-Каталози на филмови, снимен или друг визуелен или аудио материјал од образовен, научен или културен карактер<br>-Постери за промоција на туризмот и туристички публикации, брошури, водичи, возни редови, памфлети и слични изданија, неилустрирани или илустрирани, вклучувајќи ги и оние издадени од приватни друштва, наменети за поттикнување на јавноста да патува надвор од територијата на Република Македонија, вклучувајќи и микрокопии на такви предмети<br>-Библиографски информативен материјал за бесплатно делење [1] |
| | - Друго: |
| ex 4911 99 00 00 | - -Друго<br>-илустрации, печатени страници и отисоци за печатење книги, вклучувајќи и микрокопии на такви предмети [1]<br>-микрокопии на книги, детски книги со слики и книги за боење и цртање, училишни книги за вежбање (работни книги), книги со крстозбори - сложувалки, весници и периодични списанија, печатени документи или извештаи од некомерцијален карактер [1]<br>-публикации дизајнирани за да ја поттикнат јавноста да студира надвор од територијата на Република Македонија, вклучувајќи и микрокопии на такви публикации [1]<br>-метереолошки и геофизички дијаграми |
| 9023 00 | Инструменти, апарати и модели, наменети за цели на демонстрирање (на пр, за образованието или за изложби), што се неподобни за други употреби: |
| ex 9023 00 90 | - Друго:<br>-Мапи и рељефни карти од интерес во научни области како што е геологија, зоологија, ботаника, минералогија, палеонтологија, археологија, етнологија, метереологија, климатологија и геофизика |

[1] Ослободувањето не се применува за предмети каде рекламите опфаќаат повеќе од 25% од површината. Во случај на публикации и постери за промоција на туризмот, овој процент се применува само приватно комерцијално огласување

**Б. Визуелни и аудио материјали од образовен, научен или кутурен карактер**

Предметите од Прилог 4 под А. од оваа уредба изготвени од Обединетите Нации или било која од нејзините специјализирани агенции

# ПРИЛОГ 4

## Предметите од образовен, научен и културен карактер

Ослободени од плаќање на увозни давачки согласно член 196 точка 2) од Царинскиот закон и член 50 од оваа уредба

### А. Книги, публикации и документи

| Распоредување согласно Царинската тарифа | Опис | Установа или организација |
|---|---|---|
| 3704 00 | Фотографски плочи, филмови, хартии, картон и текстил, осветлени но неразвиени: | Сите организации (вклучувајќи ги радио и телевизиските организации), институции или здруженија на кои им е издадена потврда од надлежното министерство за увоз без плаќање на увозни давачки за таква стока |
| ex 3704 00 10 00 | - Фотографски плочи и филмови: | |
| | -Кинематографски филм, позитиви од образовен, научен или културен карактер | |
| ex 3705 | Фотографски плочи и филмови, осветлени и развиени, освен кинематографски филм: | |
| | -од образовен, научен или културен карактер | |
| 3706 | Кинематографски филм, осветлен и развиен, со снимен или без снимен звучен запис или кои содржат само снимен звучен запис: | |
| 3706 10 | - Со ширина 35 мм или поголема: | |
| | - -Друго: | |
| ex 3706 10 99 00 | - - - Други позитиви | |
| | -филмски новини (со или без звучен запис), кои прикажуваат настани кои се тековни новини во времето на увозот, кои се увезуваат во највеќе две копии од секоја тема наменета за копирање | |
| | -архивски филмски материјал (со или без звучен запис) наменети за употреба поврзана со филмски новости | |
| | -рекреативни филмови, посебно наменети за деца и млади | |
| | -други филмови од образовен, научен или културен карактер | |

| Распоредување согласно Царинската тарифа | Опис | Установа или организација |
|---|---|---|
| 3706 90 | - Друго: | Сите организации (вклучувајќи ги радио и телевизиските организации), институции или здруженија на кои им е издадена потврда од надлежното министерство за увоз без плаќање на увозни давачки за таква стока |
| | - - Друго: | |
| | - - -Други позитиви: | |
| ex 3706 90 51 00<br>ex 3706 90 91 00<br>ex 3706 90 99 00 | -филмски новини (со или без звучен запис), кои прикажуваат настани кои се тековни новини во времето на увозот, кои се увезуваат во највеќе две копии од секоја тема наменета за копирање | |
| | -архивски филмски материјал (со или без звучен запис) наменети за употреба поврзана со филмски новости | |
| | -рекреативни филмови, посебно наменети за деца и млади | |
| | -други филмови од образовен, научен или културен карактер | |
| 4911 | Друг печатен материјал, вклучувајќи печатени слики и фотографии: | |
| | - Друго: | |
| ex 4911 99 00 00 | - - Друго | |
| | -микрокартички или други медиуми за чување на податоци, потребни за компјутески информативни и документациски служби од образовен, научен или културен карактер | |
| | -паноа дизајнирани единствено за демонстрирање и образование | |
| ex 8524 | Плочи, ленти и други снимени подлоги со звучни или други слични феномени, вклучувајќи матрици и галвански отпечатоци за производство на плочи, освен производите од Глава 37: | |
| | -од образовен, научен или културен карактер | |

| Распоредување согласно Царинската тарифа | Опис | Установа или организација |
|---|---|---|
| ex 9023 00 | Инструменти, апарати и модели, наменети за цели на демонстрирање (на пр, за образованието или за изложби), што се непогодни за други употреби:<br>-мостри, модели и паноа од образовен, научен или културен карактер дизајнирани единствено за демонстрација и образование<br>-модели или прикази на апстрактни поими, како што се молекуларни структури или математички формули | Сите организации (вклучувајќи ги радио и телевизиските организации), институции или здруженија на кои им е издадена потврда од надлежното министерство за увоз без плаќање на увозни давачки за таква стока |
| Разно | Холограми за ласерски проекции<br>Мултимедиумски комплети<br>Материјали за програмирани упатства, вклучувајќи и материјали во комплети со соодветни печатени материјали | |

**Б. Колекционерски примероци и уметнички дела од образовен, научен или културен карактер**

| Распоредување согласно Царинската тарифа | Опис | Установа или организација |
|---|---|---|
| Разно | Колекционерски примероци и уметнички дела кои не се наменети за продажба | Галерии, музеи и други институции на кои им е издадена потврда од надлежното министерство за увоз без плаќање на увозни давачки за таква стока |

# ПРИЛОГ 5

## Биолошки или хемиски супстанции

Ослободени од плаќање на увозни давачки согласно член 196 точка 4) од Царинскиот закон и член 61 став (1) точка б) од оваа уредба

| Референтен број | Распоредување согласно Царинската тарифа | Опис |
|---|---|---|
| | 2845 90 90 | Helium-3 |
| | 2845 90 90 | (Oxygen-18) Вода |
| 20273 | 2901 29 90 | 3-Methylpent-1 |
| 20274 | 2901 29 90 | 4- Methylpent-1 |
| 20275 | 2901 29 90 | 2- Methylpent-2 |
| 20276 | 2901 29 90 | 3- Methylpent-2 |
| 20277 | 2901 29 90 | 4- Methylpent-2 |
| 25634 | 2902 19 10 | P-Mentha-1 (7), 2 |
| | | beta- Phellandrene |
| 14769 | 2903 69 00 | 4,4'-Dibromobiphenyl |
| 17305 | 2904 10 00 | Ethyl methanesulphonate |
| 14364 | 2923 90 00 | Decamethonium bromide (INN) |
| 20641 | 2926 90 90 | 1-Naphtonitrile |
| 20642 | 2926 90 90 | 2-Naphtonitrile |
| 22830 | 2936 21 00 | Retinyl acetate |
| | 3204 | Orcoacid Sulphorhodamine G |
| 21887 | 3507 90 00 | Phosphoglucomutase |

**1614.**

Врз основа на член 18-а став 1 од Законот за Централен регистар на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 50/01 и 49/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26.12.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ТАРИФАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ТАРИФАТА НА ЦЕНТРАЛНИОТ РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. Владата на Република Македонија дава согласност на Тарифата за изменување и дополнување на Тарифата на Централниот регистар на Република Македонија бр. 02-01/30 од 18.11.2005 година, донесена од Управниот одбор на Централниот регистар на Република Македонија, на седницата одржана на 18.11.2005 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 19-4552/1 | Претседател на Владата |
| 26 декември 2005 година | на Република Македонија, |
| Скопје | д-р **Владо Бучковски**, с.р. |

---

**1615.**

Врз основа на член 94 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/91, 46/93, 55/95, 10/04 и 84/05), а во врска со член 113 од Законот за установите („Службен весник на Република Македонија" бр. 32/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26.12.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ЗДРАВСТВЕНА РАБОТНА ОРГАНИЗАЦИЈА**

Член 1

Здравствената работна организација Градска општа болница „Моша Пијаде" - Скопје, се трансформира во јавни здравствени установи и тоа во:

- Јавна здравствена установа - Специјална болница по гинекологија и акушерство „Чаир" Скопје;
- Јавна здравствена установа - Институт за белодробни заболувања „КОЗЛЕ" Скопје;
- Јавна здравствена установа - специјална болница по хируршки болести „Свети Наум Охридски" Скопје.

Член 2

Делот од Здравствената работна организација Градска општа болница „Моша Пијаде" Скопје, ООЗТ - Специјална болница по гинекологија и акушерство „Чаир" Скопје, продолжува да работи како Јавна здравствена установа - Специјална болница по гинекологија и акушерство „Чаир" Скопје за вршење на специјалистичко консултативна и болничка здравствена заштита од областа на гинекологија и акушерство.

За вршител на должноста директор на Јавната здравствена установа - Специјална болница по гинекологија и акушерство „Чаир" се именува д-р Кадри Жута, кој ќе ги изврши подготовките за почеток со работа на установата и ќе ја организира работата во неа до именување на директор по спроведен конкурс.

Член 3

Делот од Здравствената работна организација Градска општа болница „Моша Пијаде" Скопје, ООЗТ Институт за белодробни заболувања кај децата Скопје, продолжува да работи како Јавна здравствена установа - Институт по белодробни заболувања „Козле" - Скопје за вршење на специјалистичко консултативна и болничка здравствена заштита од областа на белодробните заболувања кај децата.

За вршител на должноста директор на Јавната здравствена установа - Институт за белодробни заболувања кај децата „Козле" Скопје се именува д-р Нада Узуновска, која ќе ги изврши подготовките за почеток со работа на установата и ќе ја организира работата во неа до именување на директор по спроведен конкурс.

Член 4

Делот од Здравствената работна организација Градска општа болница „Моша Пијаде" Скопје, ООЗТ Клиника за хируршки болести „Св.Наум Охридски" Скопје, продолжува да работи како Јавна здравствена установа - Специјална болница по хируршки болести „Св.Наум Охридски" Скопје за вршење на специјалистичко консултативна и болничка здравствена заштита од областа на хирургијата.

За вршител на должноста директор на Јавната здравствена установа - Специјална болница по хируршки болести „Св.Наум Охридски" Скопје се именува д-р Божин Ефтимов, кој ќе ги изврши подготовките за почеток со работа на установата и ќе ја организира работата во неа до именување на директорот по спроведен конкурс.

Член 5

Делот од Здравствената работа организација Градска општа болница „Моша Пијаде" Скопје, ООЗТ - Центар за продолжено лекување и рехабилитација „Катлановска бања" во Катлановска бања ќе се трансформира во целост врз основа на член 200-ц од Законот за здравствената заштита.

Член 6

Уписот во судскиот регистар на јавните здравствени установи од членот 2, 3 и 4 на оваа одлука ќе се изврши во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Со денот на уписот во судскиот регистар јавните здравствени установи од членот 2, 3 и 4 на оваа одлука ги преземаат вработените, просторот, опремата, средствата за работа и објектите во кои ООЗТ ги вршеа дејностите, како и правата и обврските од Здравствената работна организација Градска општа болница „Моша Пијаде" Скопје кои се однесуваат на нив.

Со денот на уписот во судскиот регистар јавните здравствени установи од членот 2, 3 и 4 на оваа одлука ќе ги преземат и вработените од Работната заедница - заедничка стручна служба од Здравствената работна организација Градска општа болница „Моша Пијаде" Скопје договорно, а сразмерно на големината на секоја од нив и дејноста што ја вршат.

Член 7

Донесувањето на статутот, изборот на членовите на органот на управувањето и именувањето на директорите на јавните здравствени установи од членовите 2, 3 и 4 на оваа одлука ќе се изврши во рок од шест месеци од денот на нивниот упис во судскиот регистар.

Член 8

Средствата за работа на јавните здравствени установи од членовите 2, 3 и 4 на оваа одлука ќе се обезбедуваат од Фондот за здравственото осигурување, како и од сопствени приходи.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 19-4612/1 | Претседател на Владата |
| 26 декември 2005 година | на Република Македонија, |
| Скопје | д-р **Владо Бучковски**, с.р. |

**1616.**

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03 и 55/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26 декември 2005 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ ДВИЖНИ СТВАРИ – ОПРЕМА ЗА ПРЕНОС И ЕМИТУВАЊЕ НА III – РАДИО И ТВ ПРОГРАМА

Член 1

Опремата за пренос и емитување на III – та радио и ТВ програма, набавени од страна на Министерството за транспорт и врски, се даваат на трајно користење без надомест на Јавното претпријатие „Македонска радиодифузија“.

Член 2

Примопредавањето на опремата да се изврпи помеѓу Министерството за транспорт и врски и Јавното претпријатие „Македонска радиодифузија“, во рок од 10 дена од влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-3418/1
26 декември 2005 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски**, с.р.

---

**1617.**

Врз основа на член 16 од Законот за рибарство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/93), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26.12. 2005 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ – КОНЦЕСИЈА НА РИБНИОТ ФОНД ЗА АКУМУЛАЦИИ

1. На петгодишно користење – концесија се дава рибниот фонд од акумулациите и тоа:

1.1. „Ратево – Берово“ на СРД „Абланица“ – Берово.

1.2. „Стрежево“ – Битола на ЈП „Стрежево“ – Битола.

1.3. „Паљурци“ – Гевгелија на СРД „Костреш“ – Богданци.

1.4. „Шпиље“ – Дебар на СРД „Трофта“ Дебар и ЕД „Дешат“ – Дебар.

1.5. „Калиманци“ – Кочани на „Зона два“ експорт-импорт ДООЕЛ Делчево.

1.6. „Градче“ – Кочани на „Турист“ ДООЕЛ Кочани.

1.7. „Слатино“ – Охрид на ВРО „Водостопанство – Охридско Езеро“ – Охрид.

1.8. „Пештерица“ – Прилеп на СРК „Мамец“ Прилеп.

1.9. „Пишица“ – Пробиштип на СРД „Злетовица“.

1.10. „Мантово“ – Радовиш на ДПУТ Б&Б – Радовиш.

1.11. Мавровица – Св. Николе на ДООЕЛ „Мечос – Богољуб“ – Скопје.

1.12. Глобочица – Струга на СРД „Црн Дрим“ – Лабуништа.

1.13. Водоча – Струмица на СРД „Мрена“ – Струмица.

1.14. Турија – Струмица на СРД „Мрена“ – Струмица.

1.15. Матка – Скопје на ЗСР „Вардар“ – Скопје.

1.16. Козјак – Скопје на ШР „Јасен“ – Скопје.

2. Како почеток на користењето – концесијата на риболовниот фонд ќе се смета денот на потпишувањето на Договорот за користење на рибниот фонд од акумулациите од точка 1 од оваа одлука.

3. Во име на Владата на Република Македонија Договорот ќе го потпише министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-4617/1
26 декември 2005 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски**, с.р.

---

**1618.**

Врз основа на член 17 од Законот за рибарството (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/93), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26.12.2005 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ-КОНЦЕСИЈА НА РИБНИОТ ФОНД ОД РИБОЛОВНИТЕ РЕВИРИ

1. На петгодишно користење-концесија се дава рибниот фонд од риболовните ревири и тоа:

1.1. Риболовен ревир - Берово, општини Берово и Пехчево на СРД “Абланица“ - Берово.

1.2. Риболовен ревир - Битола, општини Битола и Новаци и Могила на СРД “Црна река“ - Битола.

1.3. Риболовен ревир - Гевгелија, општини Гевгелија, Богданци и Дојран на ЗСР “Југ-52“ Гевгелија.

1.4. Риболовен ревир - Валандово, општини Валандово на СРД “Клен“ Валандово.

1.5. Риболовен ревир - Велес, општини Велес, Градско, Лозово и Чашка на ЗСР “Бабуна“ - Велес.

1.6. Риболовен ревир - Виница, општини Виница на СРД “Крап“ - Виница.

1.7. Риболовен ревир - Дебар, општини Дебар и Центар Жупа на СРД “Трофта и ЕД“Дешат“ - Дебар.

1.8. Риболовен ревир - Демир Капија, општини Демир Капија на ЗСР “Дошница“ - Демир Капија.

1.9. Риболовен ревир - Кавадарци, општини Кавадарци на СРД “Бошавица“ - Кавадарци.

1.10. Риболовен ревир - Кичево, општини Кичево, Зајас, Осломеј, Другово и Вранешница на СРД “Треска“ - Кичево.

1.11. Риболовен ревир - Кратово, општини Кратово на ЗСР “Клен“ - Кратово.

1.12. Риболовен ревир - Крива Паланка, општини Крива Паланка и Ранковци на ЗСР “Мрена“ - Крива Паланка.

1.13. Риболовен ревир - Крушево, општини Крушево на СРК “Мрена“ - Крушево.

1.14. Риболовен ревир - Куманово, општини Куманово, Липково и Старо Нагоричани на ЗСР “Пчиња“ - Куманово.

1.15. Риболовен ревир - Македонски Брод, општини Македонски Брод, Пласница и Самоков на СРД “Клен“ - Македонски Брод.

1.16. Риболовен ревир - Неготино, општини Неготино на ЗСР “Неготино“ - Неготино.

1.17. Риболовен ревир - Охрид, општини Охрид и Дебарца на СРК “Св. Апостол Петар“ - Охрид.

1.18. Риболовен ревир - Прилеп, општини Прилеп, Долнени, Житоше и Кривогаштани на СРК “Мамец“ - Прилеп.

1.19. Риболовен ревир - Пробиштип, општини Пробиштип на СРД “Злетовица“ - Пробиштип.

1.20. Риболовен ревир - Свети Николе, општина Свети Николе.

1.21. Риболовен ревир - Струга, општини Струга и Вевчани на СРД “Пастрмка“ - Струга.

1.22. Риболовен ревир - Струмица, општини Струмица, Босилово, Василево и Ново Село на ОЛД “Елен“ - Ново Село.

1.23. Риболовен ревир - Штип, општини Штип и Карбинци на ЛРД “Штип“ - Штип.

2. Како почеток на користењето -концесија на рибниот фонд ќе се смета денот на потпишувањето на Договорот за користење на рибниот фонд на риболовните ревири од точка 1 на оваа одлука.

3. Во името на Владата на Република Македонија Договорот ќе го потпише министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-4616/1
26 декември 2005 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски,** с.р.

---

**1619.**

Врз основа на член 17 од Законот за јавното правобранителство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/97), а во врска со Одлуката за утврдување критериуми за определување на бројот на заменицитe на јавниот правобранител на Република Македонија и за определување на бројот на заменицитe на јавниот правобранител („Службен весник на Република Македонија“ бр. 57/97, 3/98 и 86/2005), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26 декември 2005 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА РАСПИШУВАЊЕ ОГЛАС ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИЦИ НА ЈАВНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ПОДРАЧЈАТА НА ГОСТИВАР, БИТОЛА, ПРИЛЕП, ШТИП, КАВАДАРЦИ, ГЕВГЕЛИЈА И ТЕТОВО

1. Се огласува именување по еден заменик на јавниот правобранител на Република Македонија за подрачјата на: Гостивар, Битола, Прилеп, Штип, Кавадарци, Гевгелија и Тетово.

2. Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени во член 18 од Законот за јавното правобранителство (државјанин на Република Македонија кој ги исполнува општите услови определени со закон за засновање на работен однос во државен орган; истакнат дипломиран правник со положен правосуден испит кој ужива углед за вршење на јавно-правобранителската функција и работно искуство со потврдени резултати по положениот правосуден испит, на правни работи над три години), пријавите со потребните документи да ги поднесат до Владата на Република Македонија во рок од 15 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“ и во дневниот печат.

Бр. 33-4933/1
26 декември 2005 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски**, с.р.

**1620.**

Врз основа на член 16 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 10/97, 54/97, 13/01 и 2/02), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26.12.2005 година, издаде

## Л И Ц Е Н Ц А
## ЗА ПОСТОЈАНО ПРИРЕДУВАЊЕ НА ПОСЕБНА ИГРА НА СРЕЌА “ОБЛОЖУВАЊЕ НА СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ“

1. Лиценца за постојано приредување на посебна игра на среќа “Обложување на спортски натпревари“ се издава на Трговското друштво “Хронометар-Робев и други ДОО експорт-импорт“ - Скопје, за време од 3 (три) години.

2. Приредувањето на посебната игра на среќа “Обложување на спортски натпревари“ ќе се врши во деловната просторија што се наоѓа на ул. “Партизански одреди“ бр. 151, локал 2,7,8 во Скопје.

3. Корисникот на Лиценцата е должен да плати надоместок за Лиценцата кој изнесува 100.000 евра, во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија што се применува на денот на уплата и тоа:

- 50% од износот, 50.000 евра, во денарска противвредност да уплати на денот на доделувањето на Лиценцата и

- остатокот од 50% во еднакви годишни рати, најдоцна до 30 јануари во тековната година за секоја година додека трае Лиценцата, во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на Република Македонија што се применува на денот на уплатата.

Уплатата на средствата од точка 3, алинеја 1 и 2 се вршат во Буџетот на Република Македонија на Трезорска сметка 100000000063095, уплатна сметка број 840-62207, приходно конто 718113, програма 00 и банка на примачот: Народна банка на Република Македонија.

Потврдата за уплатениот износ од точка 3, алинеја 1 корисникот на Лиценцата ја доставува до Министерството за финансии.

Корисникот на Лиценцата ги доставува до Министерството за финансии и потврдите за уплатените годишни рати, од точка 3, алинеја 2.

4. Лиценцата корисникот не може да ја пренесе.

5. Доколку од страна на корисникот на Лиценцата не биде платен надоместокот за плаќање на Лиценцата од точката 3, алинеја 1 и 2, Лиценцата се одзема.

6. Корисникот на Лиценцата со право на приредување на играта на среќа за која е издадена Лиценцата, се стекнува по уплатата на првиот дел од надоместокот за плаќање на Лиценцата утврден во точка 3, алинеја 1.

7. Оваа лиценца се објавува во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-4679/1
26 декември 2005 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски**, с.р.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

**1621.**

Врз основа на член 12 став 4 од Законот за сметководството за непрофитните организации ("Службен весник на Република Македонија" број 24/ 2003), министерот за финансии донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА СМЕТКОВНИОТ ПЛАН И БИЛАНСИТЕ НА НЕПРОФИТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ**

**член 1**

Со овој правилник се пропишуваат Сметковниот план и билансите на непрофитните организации, кои сметководството го водат согласно Законот за сметководството за непрофитните организации.

Сметковниот план од став 1 на овој член е составен дел на овој правилник.

**член 2**

Состојбата и движењата на средствата, изворите на средствата, приходите и другите приливи, расходите и другите одливи и утврдувањето и распоредувањето на резултатот од работењето, се евидентираат на синтетички (трицифрени) сметки во Сметковниот план.

Пропишаните синтетички (трицифрени) сметки се расчленуваат на аналитички сметки согласно со класификацијата на приходите и класификацијата на расходите.

**член 3**

Субјектите од член 1 став 1 на овој правилник ја искажуваат состојбата на средствата на образецот "Биланс на состојбата", на ден___20___година, Приходите и расходите на образецот " Биланс на приходите и расходите" во периодот од 1 јануари до ___20___година и распоредувањето на резултатот од работењето на образецот "Распоред на резултатот" во периодот од______, до_______20___година, кои се составен дел на овој правилник.

член 4

Обрасците од член 3 на овој правилник Централниот регистар ќе ги приспособи за автоматска обработка.

член 5

Паричните вредности во обрасците од член 3 на овој правилник се искажуваат во денари.

член 6

Субјектите од член 1, став 1 на овој правилник го усогласуваат водењето на деловните книги со овој правилник најдоцна до 31март 2006 година.

член 7

Со денот на влегување на овој правилник престанува да важи Правилникот за содржината на одделни конта во контниот план за други субјекти ("Службен весник на РМ" бр.34/94 и 29/95).

член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од објавувањето во "Слубен весник на РМ", а ќе се применува од 1 јануари 2006 година.

Бр. 11-38036/1
28 декември 2005 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Никола Поповски,** с.р.

# СМЕТКОВЕН ПЛАН ЗА НЕПРОФИТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

## КЛАСА : 0
## ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА, ДРУГИ СРЕДСТВА И НЕПОКРИЕНИ РАСХОДИ

**00 НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА**

000 Основачки издатоци
001 Издатоци за истражување и развој
002 Патенти, лиценци, концесии, заштитни знаци и останати слични добра
005 Останат нематеријален имот
009 Ревалоризација на нематеријалните средства

**01 МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА**

010 Земјишта и шуми
012 Градежни објекти
013 Опрема и други материјални средства, електронски, електрични и механички алати и постројки
014 Машини за пишување ,сметање, умножување и музички инструменти
015 Намештај
016 Превозни средства
017 Останати средства
018 Други материјални средства
019 Ревалоризација на материјалните средства во текот на пресметковниот период

**02 ИСПРАВКА НА ВРЕДНОСТА НА НЕМАТЕРИЈАЛНИТЕ И МАТЕРИЈАЛНИТЕ СРЕДСТВА**

028 Исправка на вредноста на нематеријалните средства
029 Исправка на вредноста на материјалните средства

**03 МАТЕРИЈАЛНИ И НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА ВО ПОДГОТОВКА**

030 Нематеријални вложувања во подготовка
032 Материјални вложувања во подготовка
035 Залихи на инвестиционен материјал
039 Ревалоризација на нематеријалните и материјалните вложувања во подготовка во текот на пресметковниот период

**04 ДОЛГОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ ВЛОЖУВАЊА**

040 Долгорочни кредити депозити и заеми
041 Орочени средства
045 Други долгорочни пласмани
046 Акции, удели и други хартии од вредност
049 Исправка на вредноста на долгорочните финансиски вложувања

**05 СРЕДСТВА НА РЕЗЕРВИ**

050 Парични средства на резервниот фонд
055 Пласмани и побарувања од резервниот фонд
059 Исправка на вредноста на средствата на резервите

**08 СРЕДСТВА ЗА ДРУГИ НАМЕНИ**

080 Средства за други намени
082 Солидарен фонд на здруженијата на пензионери

089 Исправка на вредноста на средствата за други намени

09 **НЕПОКРИЕНИ РАСХОДИ Ѓ ЗАГУБА**

090 Непокриени расходи - загуба од поранешни години

092 Непокриени расходи - загуба од тековната година

## КЛАСА : 1
## ПАРИЧНИ СРЕДСТВА, КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА И АКТИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКИ

10 **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА**

100 Жиро сметка

101 Благајна

102 Девизна сметка

103 Издвоени парични средства и акредитиви

104 Нерезидентна девизна сметка

108 Други парични средства

11 **ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**

110 Чекови

111 Меници

112 Обврзници

113 Благајнички записи

117 Други хартии од вредност

119 Исправка на вредноста на хартиите од вредност

12 **КУПУВАЧИ**

120 Купувачи

129 Исправка на вредноста на побарувањата од купувачите

13 **ПОБАРУВАЊА ЗА ДАДЕНИ АВАНСИ, ДЕПОЗИТИ И КАУЦИИ**

130 Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции

15 **КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ ПОБАРУВАЊА**

150 Краткорочни кредити, депозити и заеми

151 Вложени средства (краткорочни)

155 Други краткорочни побарувања

159 Исправка на вредноста на краткорочните и финансиските побарувања

16 **ДРУГИ КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА**

160 Побарувања од работниците

161 Побарувања од осигурителни и други правни субјекти

162 Други краткорочни побарувања

169 Исправка на вредноста на другите краткорочни побарувања

17 **ПОБАРУВАЊА ЗА ПОВЕЌЕ ПЛАТЕНИ ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ**

170 Побарувања за платено ДДВ

171 Побарувања за платено акцизи

172 Побарувања за платени царини

173 Побарувања за платени даноци и придонеси на исплати по договор за дело и авторско дело

174 Побарувања за платен данок и придонеси од добивката

179 Вредносно усогласување на побарувањата од државата и другите институции

**19 АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА**

190 Однапред платени трошоци

191 Трошоци што се разграничуваат на повеќе години

196 Пренесен вишок на приходи од претходни години

198 Други активни временски разграничувања

## КЛАСА : 2

## КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ И ПАСИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ КОНТА

**21 ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**

210 Обврски за издадени чекови

211 Обврски за издадени меници

212 Обврски за издадени обврзници

213 Обврски за благајнички записи

217 Обврски за други хартии од вредност

**22 ДОБАВУВАЧИ**

220 Добавувачи

**23 Примени аванси, депозити и кауции**

230 Примени аванси

233 Примени краткорочни депозити

234 Примени кауции

**24 ОБВРСКИ СПРЕМА ДРЖАВАТА И ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ, ЗА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ И ДРУГИ ОБВРСКИ**

240 Обврски за ДДВ

241 Обврски за акцизи

242 Обврски за царини

243 Обврски за даноци и придонеси по договор за дело и авторско дело

245 Обврски за други даноци и придонеси

246 Обврски за даноци и придонеси од добивката

248 Други обврски

**25 КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ ОБВРСКИ**

250 Обврски за краткорочни кредити, депозити и заеми

251 Обврски за орочени средства

255 Други краткорочни финансиски обврски

**26 ДРУГИ КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ**

260 Обврски спрема работниците и други физички лица

261 Други краткорочни обврски

**27 КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ СПРЕМА МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ**

270 Обврски за примени донации во пари од меѓународни организации

271 Обврски за примени донации во натура од меѓународни организации
272 Други обврски спрема меѓународни организации

**28 ПРЕСМЕТКА И ОБВРСКИ ЗА ПЛАТИ**

280 Обврски за плати и надомести за плати
281 Нето плати
282 Надомести на нето плати
283 Даноци од плати
284 Придонеси од плати
285 Други даноци и придонеси од платите и надоместоци од платите

**29 ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА**

290 Пресметани трошоци
291 Однапред наплатени (пресметани) приходи
296 Дел од вишокот на приходите за пренос во наредната година
298 Други пасивни временски разграничувања

## КЛАСА : 3

## МАТЕРИЈАЛИ, РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ И СИТЕН ИНВЕНТАР

**31 МАТЕРИЈАЛИ**

310 Материјали на залиха

**32 РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ**

320 Резервни делови на залиха

**36 СИТЕН ИНВЕНТАР НА ЗАЛИХА**

360 Ситен инвентар на залиха
361 Ситен инвентар во употреба
365 Исправка на вредноста на ситниот инвентар
366 Залиха на амбалажа и автогуми
367 Амбалажа и автогуми во употреба
369 Исправка на вредноста на амбалажата и автогумите

## КЛАСА : 4

## Р А С Х О Д И

**40 МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА**

400 Потрошени материјали
401 Потрошена енергија
402 Инвестиционо одржување на средствата
403 Други услуги
404 Превозни - транспортни услуги
405 Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација
406 Амортизација

407 Набавна вредност на продадените материјали, стоки и услуги
408 Наемнини
409 Други материјални расходи

**41 ДРУГИ РАСХОДИ**

410 Провизија за платен промет
411 Камати на кредити и заеми
412 Премии за осигурување
413 Дневници за службени патувања и патни трошоци
414 Надоместоци на трошоци на работници и граѓани
415 Негативни курсни разлики
416 Членарини
417 Интелектуални и други услуги
418 Останати други расходи

**42 СРЕДСТВА ЗА ПОСЕБНИ НАМЕНИ**

420 Издатоци за меѓународна соработка

**43 ПРЕНЕСЕНИ СРЕДСТВА**

430 Пренесени средства на други субјекти

**44 КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА**

440 Средства за градежни објекти
441 Средства за опрема
442 Други капитални средства

**45 ПОМОШТИ, ДОНАЦИИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ**

450 Помошти, донации и други давања на субјекти
451 Донации и помошти на физички лица
455 Други помошти и давања

**46 ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ НА ПЛАТИ**

460 Вкалкулирани плати
461 Вкалкулирани надомести на плати

**47 ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ**

470 Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот

**48 ВОНРЕДНИ РАСХОДИ**

480 Вонредни-невообичаените ставки на трошоци кои не произлегуваат од вообичаените (редовни) активности и кои не се очекуваат дека ќе се појават
481 Вонредни отписи и отуѓување на средства кои настанале неочекувано и со висока вредност
482 Загуби поради оштетување на голем дел од средствата или поради природна катастрофа

**49 РАСПОРЕД НА РАСХОДИТЕ**

490 Распоред на расходите

## КЛАСА : 5

## СЛОБОДНА

## КЛАСА : 6

## ПРОИЗВОДСТВО, ПРОИЗВОДИ И СТОКИ

**60** **ПРОИЗВОДСТВО**
600 Производство
**63** **ПРОИЗВОДИ**
630 Готови производи
**66** **СТОКИ**
660 Стоки во магацин
661 Стоки во продавница
664 Данок на додадена вредност и на други давачки
665 Стоки во обработка, доработка и манипулација
669 Разлика во цената на стоките

## КЛАСА : 7

## П Р И Х О Д И

**71** **ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА ПРОИЗВОДИ, СТОКИ И УСЛУГИ**
710 Приходи од продажба на производи и стоки
715 Приходи од услуги
**72** **ПРИХОДИ ОД КАМАТИ И ПОЗИТИВНИ КУРСНИ РАЗЛИКИ**
720 Приходи од камати
721 Приходи од позитивни курсни разлики
**73** **ПРИХОДИ ОД ЧЛЕНАРИНИ, ПОДАРОЦИ, ДОНАЦИИ И ПРИХОДИ ОД ДРУГИ ИЗВОРИ**
730 Приходи од членарини (придонеси), подароци и донации
731 Приходи од други извори
**74** **ПРИХОДИ ОД КИРИИ И ЗАКУПНИНИ**
740 Приходи од кирии и закупнини
**75** **СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ**
750 Сопствени приходи
**76** **ДРУГИ ПРИХОДИ**
760 Други приходи
**77** **ПРЕНЕСЕН ДЕЛ ОД ВИШОКОТ НА ПРИХОДИТЕ ОД ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА**
770 Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година
**78** **ВОНРЕДНИ ПРИХОДИ**
780 Приходи од вонредна продажба на значаен дел на постојаните средства

781 Вонредни невообичаени приходи

79 **РАСПОРЕД НА РАЗЛИКАТА НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ**

790 Распоред на разликата на приходите и расходите

## КЛАСА : 8

## ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ

80 **ОСТВАРЕН ВИШОК НА ПРИХОДИ - ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ**

800 Остварен вишок на приходи- добивка пред оданочувањето

809 Распоред на добивката пред оданочувањето

81 **РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ВИШОКОТ НА ПРИХОДИТЕ - ДОБИВКАТА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕТО**

810 Данок од вишокот на приходите - добивката

811 Придонеси од вишокот на приходите- добивката

815 Остварен нето вишок - добивка по оданочувањето

82 **РАСПОРЕДУВАЊЕ НА НЕТО ВИШОКОТ- ДОБИВКАТА**

820 Дел од нето вишокот - добивката за покривање на загубата од претходни години

821 Дел од нето вишокот - добивката за деловниот фонд

822 Дел од нето вишокот - добивката за резервниот фонд

823 Дел од нето вишокот - добивката за плати

825 Дел од нето вишокот- добивката за други намени

826 Дел од вишокот на приходите - добивката за пренос во наредната година

829 Нераспределен дел од вишокот на добивка

89 **НЕПОКРИЕНИ РАСХОДИ И НИВНО ПОКРИВАЊЕ**

890 Непокриени расходи

899 Покритие на непокриените расходи

## КЛАСА : 9

## ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА

90 **ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИТЕ СРЕДСТВА**

900 Деловен фонд

91 **РЕВАЛОРИЗАЦИОНА РЕЗЕРВА**

910 Ревалоризациона резерва

94 **ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ**

940 Долгорочни кредити од банките во земјата

941 Долгорочни кредити од странство

945 Други долгорочни обврски

95 **ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА НА РЕЗЕРВНИОТ ФОНД**

950 Резервен фонд

958 Други извори на средства на резервите

**97 НЕРАСПРЕДЕЛЕН ДЕЛ ОД ВИШОКОТ НА ПРИХОДИ - ДОБИВКА**

**98 ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА ЗА ДРУГИ НАМЕНИ**

980 Извори на средства за други намени

**99 ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА**

990-994 Активни сметки на вонбилансната евиденција

---

995-999 Пасивни сметки на вонбилансната евиденција

---

**1622.**

Врз основа на член 12 став 4 од Законот за сметководството за непрофитните организации ("Службен весник на Република Македонија" број 24/ 2003), министерот за финансии донесе

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА СОДРЖИНАТА НА ОДДЕЛНИ СМЕТКИ ВО СМЕТКОВНИОТ ПЛАН НА НЕПРОФИТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

### Член 1

Со овој правилник се пропишува содржината на одделните сметки во сметковниот план на непрофитните организации.

## СОДРЖИНА НА ГРУПИТЕ НА ОДДЕЛНИТЕ СМЕТКИ

## К Л А С А 0:

## ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА, ДРУГИ СРЕДСТВА И НЕПОКРИЕНИ РАСХОДИ

### Член 2

На сметките од групата 00 - Нематеријални средства, се опфаќаат основачките издатоци, издатоци во истражување и развој, патентите, лиценците, концесиите, заштитните знаци и останатите слични добра, останатиот нематеријален имот и ревалоризацијата на нематеријалните средства.

### Член 3

На сметките од групата 01 - Материјални средства, се опфаќаат: земјишта и шуми, градежните објекти, опремата и другите материјални средства, електронски, електрични и механички алатки и постројки, машини за пишување, сметање, умножување и музички инструменти, намештај, превозни средства, останати средства, други материјални средства меѓу кои и становите изградени со средствата за заедничка потрошувачка и ревалоризацијата на материјалните вложувања во текот на пресметковниот период.

На сметка 010 - Земјишта и шуми, се евидентира земјиштето во сите видови ( изградено, неизградено, ораници, ливади, пасишта и друго земјиште и шумите),

На сметка 012 - Градежни објекти, се евидентираат сите видови градежни објекти (згради и други градежни објекти), изградени од тврд материјал, како и монтажни и други градежни објекти,

На сметка 013 -Опрема и други материјални средства, електронски, електрични и механички алати и постројки се евидентираат машините, уредите и постројките,

На сметка 014 - Машини за пишување, сметање, умножување и музички инструменти, се евидентираат машините за пишување, сметање, умножување и музичките инструменти,

На сметка 015 - Намештај, се евидентираат средствата за канцелариски и друг намештај,

На сметка 016, - Превозни средства, се евидентираат превозните и транспортните средства,

На сметка 017 - Останати средства,се евидентираат повеќегодишните насади, основното стадо и другите средства како што се: книгите во библиотеките, спомениците на културата, предметите од музејска вредност, предметите од архивски дела и дела на ликовна уметност и други видови вложувања (основни средства ),

На сметка 018 - Други материјални средства, се евидентираат становите изградени од средствата за заедничка потрошувачка,

На сметка 019 - Ревалоризација на материјалните средства во текот на пресметковниот период,се евидентира ревалоризационата вредност на на материалните средства.

## Член 4

На сметките од групата 02 - Исправка на вредноста на нематеријалните и материјалните средства, се евидентира исправката на вредноста на нематеријалните и материјалните средства.

На сметка 028 - Исправка на вредноста на нематеријалните средства, се евидентира исправката на вредноста на нематеријалните средства (основачки издатоци, издатоци за истражување и развој, патенти, лиценци, концесии, заштитни знаци и останати слични добра и останатиот нематеријален имот),

На сметка 029 - Исправка на вредноста на материјалните средства, се евидентира исправката на вредноста на градежните објекти (сите видови), опремата и другите материјални средства, електронски, електрични и механички алати и постројки и сите други материјални средства.

## Член 5

На сметките од групата 03 - Материјални и нематеријални средства во подготовка, се евидентираат нематеријалните и материјалните вложувања во подготовка кога средствата се во тек, изградба, доградба, реконструкција, адаптација, поправка или преправка, сервис, монтажа и слично како и нивната ревалоризација во текот на пресметковниот период.

Доколку при набавката на нематеријалните и материјалните вложувања не се потребни да се вршат дополнителни работи, наведени во ставот 1 на овој член, туку набавната- фактурна вредност е дефинитивна и средството веднаш може да се стави во употреба во тој случај книжењето на таквите вложувања - средства се вршат по директен пат на соодветните сметки од групите 01 и 02 без да се применат сметките од оваа група на сметки.

На сметка 030 - Нематеријални вложувања во подготовка, се евидентираат нематеријалните вложувања во подготовка,

На сметка 032 - Материјални вложувања во подготовка, се евидентираат материјални вложувања во подготовка,

На сметка 035 - Залихи на инвестиционен материјал, се евидентираат залихите на инвестиционен материјал,

На сметка 039 - Ревалоризација на нематеријалните и материјалните вложувања во подготовка во текот на пресметковниот период, се евидентира ревалоризација на нематеријалните и материјалните вложувања во подготовка во текот на пресметковниот период.

## Член 6

На сметките од групата 04 - Долгорочни финансиски вложувања, се опфаќаат долгорочните вложувања кои се со рок на враќање над една година.

На сметка 040 - Долгорочни кредити, депозити и заеми, се евидентираат долгорочните кредити дадени на разни субјекти,

Долгорочните кредити, депозити и заеми, се евидентираат на ова сметка со рок на враќање над една година, а оние кредити, депозити и заеми кои што со рок на враќање до една година се водат во рамките на контата од групата 15 - како краткорочни финансиски побарувања,

На сметка 041 - Орочени средства, се евидентираат долгорочно орочените средства во банките и другите финансиски организации и кај други субјекти со рок на враќање над една година,

На сметка 045 - Други долгорочни пласмани, се евидентираат другите долгорочни пласмани кои не можат да се искачат на сметките 040 и 041.

## Член 7

На сметките од групата 05 - Средства на резерви, се опфаќаат паричните средства на резервниот фонд, пласманите на средствата на резервите и исправката на вредноста на средствата на резервите.

На сметка 050 - Паричните средства на резервниот фонд, се евидентираат издвоените парични средства на резервите на посебната сметка,

На сметка 055 - Пласмани и побарувања од резервниот фонд, се евидентираат побарувањата по основ на пласираните средства од резервниот фонд вложени или позајмени на други субјекти, дадени како кредит или депозит, пренесени на редовната жиро сметка или по било кои други основи на побарување во пласмани од средствата на резервниот фонд,

На сметка 059 - Исправка на вредноста на средствата на резервите, се евидентира исправката на вредноста на средствата на резервите.

**Член 8**

На сметките од групата 08 - Средства за други намени, се опфаќаат средствата за други намени кои не се споменати во другите групи.

На сметка 080 - Средствата за други намени, се евидентираат средствата за други намени кои посебно не се опфатени со групата 08 како и становите и станбените згради, прибавување на становите и станбените згради , објектите и опремата за други потреби ,прибавување во средствата за други потреби и средствата за потребите на одбраната,

На сметка 082 - Солидарен фонд за здруженијата на пензионери, се евидентираат средствата на солидарниот фонд за здуженијата на пензионери.

**Член 9**

На сметките од групата 09 - Непокриени расходи - загуба, се опфаќаат непокриените расходи - загуба од поранешни години и непокриените расходи - загуба од тековната година.

## К Л А С А 1:

## ПАРИЧНИ СРЕДСТВА, КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА И АКТИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКИ

**Член 10**

На сметките од групата 10 - Парични средства, се опфаќаат паричните средства во различни форми според називите на контата од оваа група.

На сметка 100 - Жиро сметка, се евидентираат паричните средства на редовната жиро сметка и другите парични средства кои привремено или трајно се пренесени на редовната жиро сметка ,

На сметка 101 - Благајна, се евидентира готовинскиот промет на паричните средства што се вршат преку благајна,

На сметка 102 - Девизна сметка, се евидентира денарската противвредност на девизите на сметките кај банките и тоа за секоја валута посебно, со тоа што девизите се искажуваат во денари според средниот курс на Народната банка на Македонија,

На сметка 103 - Издвоени парични средства и акредитиви, се евидентираат средствата на отворените акредитиви на посебна сметка,

На сметка 108 - Други парични средства, се евидентираат паричните средства кои не можат да се искажат на контата во група 10.

**Член 11**

На сметките од групата 11 - Хартии од вредност, се опфаќаат хартиите од вредност во номинален износ спрема називите на сметките од оваа група и тоа за применените чекови, меници, обврзници, благајнички записи и други хартии од вредност со кои може да се врши плаќање или кои можат да се продаваат, и исправката на вредноста на хартиите од вредност кои не ќе можат да се наплатат.

**Член 12**

На сметките на групата 12 - Купувачи се евидентираат побарувањата од купувачите во земјата и странство и исправката на вредноста на побарувањата од купувачите.

**Член 13**

На сметките 13 - Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции, се опфаќаат побарувања за дадени аванси, депозити и кауции на субјектот за определен краткорочен период.

**Член 14**

На сметките од групата 15 - Краткорочни финансиски побарувања, се евидентираат побарувањата за краткорочни кредити, депозити и заеми, вложени средства (краткорочни) и другите краткорочни побарувања со рок на враќање до една година и исправката на вредноста на краткорочните финансиски побарувања во случаите кога некои од побарувањата ќе доспеат а не можат да се наплатат.

**Член 15**

На сметките од група 16 - Други краткорочни побарувања, се евидентираат краткорочните побарувања од работниците, побарувања од осигурителни и други правни субјекти и други краткорочни побарувања и исправката на вредноста на другите краткорочни побарувања кои ќе доспеат, а не ќе можат да се наплатат.

### Член 16

На сметките од група 17 - Побарувања за повеќе платени даноци и придонеси, се евидентираат побарувањата за повеќе платени даноци и придонеси утврдени според пресметките во соодветниот пресметковен период во текот на годината и на крајот на годината според начинот на сметките од оваа група.

### Член 17

На сметките од групата 19 - Активни временски разграничувања се евидентираат активните временски разграничувања според називите на сметките и тоа за однапред платените трошоци, трошоците што се разграничуваат на повеќе години, пренесен вишок на приходи од претходната година и други активни временски разграничувања по основ на разграничени расходи кои не треба веднаш да се искажат како расходи на класа 4.

На сметка 190 - Однапред платени трошоци, се евидентираат оние трошоци кои однапред се платени за период најмногу до 12 месеци, како што се премии за осигурување, трошоци на име закупнини, трошоци за огрев, мазиво, трошоци за претплата на списанија, весници, книги итн,

На сметка 191 - Трошоци што се разграничуваат на повеќе години, се евидентираат трошоците за инвестиционо одржување на средствата, трошоците за повеќегодишниот закуп - лизинг и трошоците кои се разграничуваат на подолг период од една година,

На сметка 196 - Пренесен вишок на приходи од претходни години, на почетокот на годината се задолжува за износот на вишокот на приходите пренесени од претходната година на сметка 296 - Дел од вишокот на приходите за пренос во наредната година со одобрение на сметка 770 - Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година,

На сметка 198 - Други активни временски разграничувања, се евидентираат сите други активни временски разграничувања кои не можат да се искажат на сметките 190 до 196.

## К Л А С А 2:

## КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ И ПАСИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКИ

### Член 18

На сметките од групата 21 - Хартии од вредност, се евидентираат обрските за издадени хартии од вредност со рок на втасаност до една година во номинален износ и тоа по основ на име чекови, меници , обврзници, благајнички записи и други хартии од вредност.

### Член 19

На сметките од групата 22 - Добавувачи, се евидентираат фактурираните и нефактурираните обврски спрема добавувачите во земјата и странство.

### Член 20

На сметките од групата 23 - Примени аванси, депозити и кауции, се евидентираат примените аванси, краткорочни депозити и примените кауции.

### Член 21

На сметките од групата 24 - Обврски спрема државата и други институции, за даноци и придонеси и други обврски, се евидентираат обврските за ДДВ, акцизи, царини, даноци и придонеси по договор за дело и авторско дело, обврски за други даноци и придонеси, обврски за даноци и придонеси од добивката и други обврски.

### Член 22

На сметките од групата 25 - Краткорочни финансиски обврски, се евидентираат краткорочните финансиски обврски, според означените конта, со рок на доспеаност до една година, како што се обврските за краткорочни кредити, депозити и заеми, обврските за орочените средства и други краткорочни финансиски обврски.

### Член 23

На сметките од групата 26 - Други краткорочни обврски, се евидентираат другите краткорочни обврски кои произлегуваат од обврски спрема работниците и други физички лица како и други краткорочни финансиски обврски.

### Член 24

На сметките од групата 27 - Краткорочни обврски спрема меѓународни организации, се евидентираат обврски за примени донации во пари од меѓународни организации, обврски за примени донации во натура од меѓународни организации и други обврски спрема меѓународни организации.

**Член 25**

На сметките од групата 28 - Пресметка и обврски за плати, се евидентираат обврските за плати и надомести за плати, нето плати, надомести за нето плати, даноци од плати, придонеси од плати и други даноци и придонеси од платите и надоместоците од платите.

На сметка 280 - Обврски за плати и надомести за плати , се евидентираа обврската за бруто платите и надоместите на платите по сите основи. Во одобрение на ова сметка се книжат бруто платите и надоместите на платите, а на товар на контата од групата 46 во класа 4 на основа пресметката (рекапитулацијата) на платите,

На сметка 281 - Нето плати, се евидентира обврската за нето платите на вработените без придонесите и даноците кои се пресметуваат и плаќаат од платите, така што ова сметка секогаш се одобрува со пресметката (рекапитулацијата)за нето платите, а се задолжува сметка 280,

На сметка 282 - Надомести на нето плати, се евидентираат нето надоместите на платите по сите основи, вклучувајќи го и боледувањето, без придонесите и даноците. Ова сметка се одобрува, а се задолжува сметка 280 со пресметката (рекапитулацијата),

На сметка 283 - Даноци од плати, се води обврската за даноци од платите и од надоместите на платите, со одобрување на ова сметка, а на товар на сметката 280 по рекапитулацијата на платите,

На сметка 284 - Придонеси од плати, се евидентираат придонесот за пензиско и инвалидско осигурување, за здравство и здравствено осигурување и за вработување. Ова конто се одобрува со рекапитулацијата за пресметаните придонеси, а се задолжува конто 280,

На сметка 285 - Други даноци и придонеси од платите и надоместоци од платите, се евидентира придонесот за професионално заболување .

**Член 26**

На сметките од групата 29 - Пасивни временски разграничувања, се евидентираат пресметаните трошоци кои го товарат тековниот пресметковен период, а не се фактурирани, однапред наплатените пресметани приходи во тековниот период кои се однесуваат за наредниот пресметковен период пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година и други пасивни временски разграничувања.

На сметка 290 - Пресметани трошоци, се евидентираат оние трошоци кои се однесуваат за соодветниот пресметковен период а не се фактурирани,

На сметка 291 - Однапред наплатени (пресметани) приходи, се евидентираат приходите кои се однапред наплатени или пресметани, а кои се однесуваат за нареден пресметковен период или наредната година. Заради реално распоредување на приходот таквите средства времено се книжат на ова сметка место во приходите на класа 7 - Приходи,

На сметка 296 - Дел од вишокот на приходите за пренос во наредната година, на крајот на годината, се одобрува за износот на делот од вишокот на приходите заради пренос во наредната година,со задолжување на сметка 826 - Дел од вишокот на приходите,

На сметка 298 - Други пасивни временски разграничувања, се евидентираат други пасивни временски разграничувања кои не можат да се искажат на сметките 290 до 296.

На крајот на годината пресметаните износи на сметките од групата 29 меѓусебно се затвораат со состојбата искажана на соодветните сметки од група 19. Разликата меѓу одделните активни и пасивни временски разграничувања се книжат врз товар на сметка 418 - Останати други расходи или во корист на сметка 760 - Други приходи, ако не се пренесуваат во наредната година како транзитирана актива, односно транзитирана пасива.

## КЛАСА 3:

## МАТЕРИЈАЛИ, РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ И СИТЕН ИНВЕНТАР

### Член 27

На сметките од групата 31 - Материјали, резервни делови и ситен инвентар, се евидентираат материјалите на залиха, залиха на стоки, материјали и стоки во обработка, доработка и манипулација, потоа исправката на вредноста на материјалите и стоките и отстапувањето во цените.

### Член 28

На сметките од групата 32 - Резервни делови, се евидентираат залихите на резервните делови по набавна или продажна вредност. Во рамките на сметките од оваа група се води исправката на вредноста и отстапувањето од цените.

### Член 29

На сметките од групата 36 - Ситен инвентар на залиха, се евидентира ситниот инвентар на залиха , ситниот инвентар во употреба, исправката на вредноста на ситниот инвентар, залихи на амбалажата и автогумите, амбалажата и автогумите во употреба и исправката на вредноста на амбалажата и автогумите во употреба .

# КЛАСА 4:

## РАСХОДИ

### Член 30

На сметките од групата 40 - Материјални расходи, услуги и амортизација, се искажуваат означените материјални расходи, услуги и амортизација, според називите на сметките од оваа група.

На сметка 400 - Потрошени материјали, се искажува вредноста на потрошените материјали и суровини, потрошеното гориво, мазиво и огрев, потрошениот канцелариски материјал, потрошените други материјали и суровини, потрошени помагала во дејноста и потрошената вода,

На сметка 401 - Потрошена енергија, се води потрошената електрична, топлинска, водена и друга енергија,

На сметка 403 - Други услуги, се искажуваат производствените услуги како што се; извршени поправки, сервиси и монтажа на средствата од други лица, транспортни услуги, ПТТ услуги и услуги за печатење или графички услуги и други производствени услуги,

На сметка 405 - Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација, се искажуваат трошоците направени по основ на рекламата, пропагандата и репрезентацијата,

На сметка 406 - Амортизација, се искажува амортизацијата и ревалоризацијата на амортизацијата на нематеријалните и материјалните вложувања во согласност со прописите, доколку набавната вредност на материјалните и нематеријалните средства не е претходно покриена на товар на материјалните расходи,

На сметка 407 - Набавната вредност на продадените материјали, стоки и услуги, се евидентира набавната вредност на продадените материјали, стоки и услуги,

На конто 409 - Други материјални расходи, се евидентираат сите други расходи кои не можат да се искажат на сметките од групата 40 - Материјални расходи, услуги и амортизација.

### Член 31

На сметките на групата 41 - Други расходи, се евидентираат означените расходи по називите на сметките од оваа група.

На сметка 410 - Провизија за платен промет, се евидентира провизијата што се наплатува за извршената услуга,

На сметка 411 - Камати на кредити и заеми, се евидентираат доспеаните и платени камати на кредитите и заемите,

На сметка 412 - Премии за осигурување, се евидентираат премиите за осигурување на средствата,

На сметка 413 - Дневници за службени патувања и патни трошоци, се евидентираат дневниците за службени патувања за извршено службено патување во земјата и странство, хотелските услуги и превозните трошоци кои се поврзани со службеното патување во земјата и странство,

На сметка 414 - Надоместоци на трошоци на работници и граѓани, се евидентираат надоместите за превоз на работниците до работното место и од работното место, надоместите за сместување и исхрана на терен, трошоците за исхрана на работниците во текот на работата, трошоците за закупнина на средствата за работа и други надомести на работниците и граѓаните (регрес за годишен одмор, солидарна помош и сл.),

На сметка 415 - Негативни курсни разлики, се евидентираат негативните курсни разлики кои настанале во процесот на работата заради промена на вредноста на денарот,

На сметка 416 - Членарини, се евидентираат издатоците по основ на платени членарини во текот на годината,

На сметка 417 - Интелектуални и други услуги, се евидентираат интелектуалните и другите услуги,

На сметка 418 - Останати други расходи, се евидентираат останатите други расходи кои не можат да се опфатат во други сметки од групата 41 - Други расходи, како и расходите од активните временски разграничувања.

## Член 32

На сметките од групата 42 - Средства за посебни намени, се евидентираат издатоците направени за воспоставување на меѓународната соработка и тековните трошоци на веќе воспоставената меѓународна соработка. Во рамките на ова сметка се искажуваат сите трошоци кои се однесуваат за таа цел па и трошоците за одделни подароци и сл. но не и дневниците за службено патување за меѓународната соработка за дневници за службено патување за меѓународната соработка за домашните делегации или странски делегации кои поединечно се искажуваат во рамките на сметка 414- Дневници за службено патување.

## Член 33

На сметките од групата 43 - Пренесени средства, се евидентираат пренесените средства во пари или натура заради финансиска или друга поддршка на субјектот на кој се пренесуваат средствата.

Во рамките на ова сметка не се искажуваат помоштите. донациите и другите давачки на субјектите кои се искажуваат на сметките од групата на сметки 45 - Помошти, донации и други давачки.

## Член 34

На сметките од групата 44 - Капитални и други средства, се евидентираат трошоците за купување на капитални и други средства, според називите на сметките од оваа група, доколку се обезбедени наменски средства евидентирани на сметка 740 - Приходи од членарини (придонеси), подароци и донации.

На сметка 440 - Средства за градежни објекти, се евидентира купувањето на градежни објекти, изградба, доградба, реконструкција и

адаптација на градежни објекти и други средства за градежни објекти (програми, проекти, експертизи и сл.),

На сметка 441 - Средства за опрема, се евидентира купувањето на мебел земјиште, откуп на патенти, лиценци и други права и друга опрема,

На сметка 442 - Други капитални средства, се евидентира купувањето на земјиште, откуп на патенти, лиценци и други права и други капитални средства што не се опфатени со сметки на другите од групата 44.

## Член 35

На сметките на групата 46 - Плати и надоместоци на плати, се евидентираат вкалкулираните плати и вкалкулираните надомести на плати, во бруто износ по сите основи.

На сметка 460 - Вкалкулирани плати, се евидентираат бруто платите и надоместите на платите, според рекапитулациите за платите.

Како бруто плати се подразбираат: нето плата, персоналниот данок од доход и придонесите ( за пензиско и инвалидско осигурување, за здравствено осигурување и за вработување) и придонесот за професионално заболување и за водостопанство за оние субјекти кои овие два придонеса ги пресметуваат и плаќаат од платите, а не од добивката. Меѓутоа, оние субјекти кои овие два придонеси ги пресметуваат и плаќаат од добивката не ги искажуваат на ова сметка, туку тие со пресметките за нивно пресметување ги искажуваат на сметка 811 - Придонеси од вишокот на приходите - добивката.

На сметка 461- Вкалкулирани надомести на плати, се искажуваат надоместите на плати во бруто износ.

## Член 36

На сметките од групата 47 - Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот се искажуваат даноците и придонесите од приходите.

На сметка 470 - Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот, се искажуваат даноците и придонесите од приходите како што се: даноците кои се пресметуваат при продажбата на одделни материјали и стоки на големо за кои се пресметува данокот на услуги на големо што паѓаат на товар на субјектот и други слични даноци кои на се засметуваат во цената на чинењето на продажбата.

## член 37

На сметката од групата 48-Вонредни расходи се искажуваат вонредните расходи според називот на сметката од оваа група.

## Член 38

На сметка од групата 49 - Распоред на расходите, се води распоредот на расходите на крајот на пресметковниот период. На крајот на годината се пренесуваат расходите во задолжение на сметка 790 , а во одобрение на ова сметка.

## КЛАСА 5:

### СЛОБОДНА

## КЛАСА 6:

### ПРОИЗВОДСТВО, ПРОИЗВОДИ И СТОКИ

### Член 39

На сметките од групата 60 - Производство, се евидентира вредноста на производството, недовршеното производство, полупроизводите и деловите, производство во обработка, доработка и манипулација, исправка на вредноста на производството и отстапување од цената на производството.

### Член 40

На сметките од групата 63 -Производи, се евидентира вредноста на производите во магацин, производите во обработка во туѓ магацин, во продавница, вкалкулираниот данок на додадена вредност, производи во обработка, доработка и манипулација, исправка на вредноста на производите и отстапувањето од цената на производите.

### Член 41

На сметките од групата 66 - Стоки, се евидентира трговската и друга стока на залиха во магацин и продавница, вкалкулираниот данок на додавена вредност и другите давачки на стоката во продавница, стоките во обработка, доработка и манипулација и разликата во цената на стоките.

# К Л А С А 7:

## ПРИХОДИ

### Член 42

На сметките од групата 71 - Приходи од продажба на производи, стоки и услуги, се евидентираат приходите остварени од продажба на производи, стоки и услуги.

На сметка 710 - Приходи од продажба на производи и стоки, се евидентираат приходите остварени од продажба на разни видови производи и стоки за готово или врз основа на фактурирана реализација со задолжување на сметката од групата 10 или 12, а во одобрение на ова сметка,

На сметка 715 - Приходи од услуги, се евидентираат приходите од услуги направени на купувачите и другите должници по разни основи со задолжување на сметките од групата 10 или 12 , а во одобрение на ова сметка.

### Член 43

На сметките од групата 72 - Приходи од камати и позитивни курсни разлики, се евидентираат приходите остварени од позитивни курсни разлики од девизното и друго работење кога таквата разлика е утврдена според средниот курс на народната банка на Република Македонија.

### Член 44

На сметките од групата 73 - Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори, се евидентираат приходите од членарини, подароци, донации и приходи од други извори.

### Член 45

На сметките од групата 74 - Приходи од кирии и закупнини , се евидентираат приходите од кириите и закупнините остварени од издадените подвижни и неподвижни предмети на користење во закуп и слично, со задолжување на сметките од групата 10 или 12, а во одобрение на сметка од оваа група.

## Член 46

На сметките од група 75 - Сопствени приходи, се евидентираат сопствените приходите кои се по основ на издавачка дејност, приходи од карти, билети, влезници, приходи од сервисни и други услуги.

## Член 47

На сметките од групата 76 - Други приходи, се евидентираат останатите приходи .

## Член 48

На сметките од групата 77 - Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година, се евидентира на почетокот на годината износот - вишокот на приходите што е пренесен од претходната година, со задолжување на сметка 196 - Пренесен вишок на приходи од претходната година.

## Член 49

На сметките од групата 78 - Вонредни приходи, се евидентираат приходите од вонредната продажба на приходите на значаен дел на постојаните средства како и вонредните невообичаени приходи кои не можат да се искажат на сметката од групата 72 до 78.

## Член 50

На сметките на групата 79 - Распоред на разликата на приходите и расходите се евидентираат разликата меѓу приходите и расходите во пресметковниот период.

На сметка 790 - Распоред на разликата на приходите и расходите, се евидентира разликата меѓи приходите и расходите на крајот на пресметковниот период, односно на крајот на годината, со задолжување за разликата меѓу приходите и расходите во корист на сметка 800 - Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување, односно со одобрување на разликата меѓу расходите и приходите врз товар на сметка 890 - Непокриени расходи.

На крајот на годината состојбата искажана на сметките од групата 70 до 78 се пренесуваат во одобрението на сметка 790.

# КЛАСА 8:

## ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ

### Член 51

На сметките од групата 80 - Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување, се евидентира остварениот вишок на приходите и распоредот на вишокот на приходите.

На сметка 800 - Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување , се одобрува, односно се задолжува за разликата меѓу приходите и расходите во пресметковниот период,

На сметка 809 - Распоред на добивката пред оданочување, се задолжува ова сметка со остварениот вишок на приходите пред оданочувањето, а се одобруваат соодветните сметки од групата 81.

### Член 52

На сметките од групата 81 - Распоредување на вишокот на приходите - добивката пред оданочувањето, се евидентира данокот и придонесите од вишокот на приходите - добивката пред оданочувањето, се евидентира данокот и придонесите од вишокот на приходите - добивката, со задолжување на сметката 809, а во одобрение на сметките од оваа група на сметка.

На сметка 810 - Данок од вишокот на приходите - добивката, се евидентира данокот од добивката согласно одредбите на Законот за данок од добивката на крајот од пресметковниот период и на крајот на годината, врз основа на пресметките за данок од добивка. За пресметаниот износ се задолжува сметка 809, а се одобрува ова сметка,

Износот од ова сметка се пренесува во полза на сметка 246 - Обврски за даноци и придонеси од добивката, односно во корист на сметка 174 - Побарувања за платен данок и придонеси од добивката,

На сметка 811 - Придонеси од вишокот на приходите - добивката , се евидентираат и утврдуваат придонесите на крајот на пресметковниот период и дефинитивно на крајот на годината во согласност со законските прописи.

Доколку износот на вишокот на приходите - добивката не е доволен да се покријат даноците и придонесите, недоволниот износ се книжи на товар на сметка 890 - непокриени расходи.

На сметка 815 - Остварен нето вишок - добивка по оданочување, се евидентира остварениот нето вишок после извршеното оданочување на вишокот на приходите - добивката.

### Член 53

На сметките од групата 82 - Распоредување на нето вишокот - добивката, се евидентираат распоредените износи за намените според називите на сметките од оваа група на сметка на товар на сметка 815 - Остварен нето вишок - добивка.

На крајот на пресметковниот период односно на крајот на годината се задолжуваат сметките од оваа група, се одобруваат:

- за делот од вишокот - добивката - за покривање на загубата од претходни години, на сметка 090 - Непокриени расходи од поранешни години;
- за делот од нето вишокот - добивката на Резервниот фонд на сметка 950;
- за делот на нето вишокот - добивката за деловниот фонд на сметка 900;
- за делот од нето вишокот - добивката за плати на сметка 280- Обврски за плати и надомести за плати;
- за делот од нето вишокот - добивката за други намени во корист на сметка 980 - извори на средства за други намени;
- за делот од вишокот на приходите - добивката за пренос во наредната година, на сметка 296 - дел од вишокот на приходите за пренос во наредната година;

### Член 54

На сметките од групата 89 - Непокриени расходи и нивно покривање, се евидентираат книжењата според називите на сметките од оваа група.

На сметка 890 - Непокриени расходи, се евидентираат непокриените расходи на крајот на пресметковниот период односно на крајот на годината.За износот на непокриените расходи се задолжува ова сметка, а се одобрува сметка 790 - Распоред на разликата на приходите и расходите,

На сметка 899 - Покритие на непокриените расходи, се евидентира покривањето на трошоците на крајот на годината, со одобрување за износот на непокриените расходи врз товар на сметка 950 или 092.

## КЛАСА 9:

## ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА

### Член 55

На сметките од групата 90 - Извори на деловни средства, се евидентираат изворите на средствата на деловниот фонд.

### Член 56

На сметка 910 - Ревалоризациона резерва, се евидентира износот на средствата од извршената привремена ревалоризација на средствата во текот на годината.

### Член 57

На сметките од група 94 - Долгогорочни обврски, се евидентираат обврските по долгорочните кредити од банки во земјата и од странство и други долгорочни средства како што се депозити, заеми, долгорочни орочени средства, кои се со рок на враќање над една година.

### Член 58

На сметките од групата 95 - Извори на средства на резервниот фонд, се евидентираат изворите на резервниот фонд и другите извори на средства на резервите.

### Член 59

На сметките од групата 98 - Извори на средства за други намени, се евидентираат изворите на средствата за други намени кои како извори не можат да се искажат на сметката од групите од 90 до 95.

### Член 60

На сметките од групата 99 - Вонбилансна евиденција, се искажуваат активните и пасивните сметки на вонбилансната евиденција , и тоа:

990 до 994 - Активни сметки на вонбилансна евиденција; и

995 до 999 - Пасивни сметки на вонбилансна евиденција

Расчленувањето и употребата на сметките од оваа група на сметки е слободно според потребите на субјектот.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### член 61

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за содржината на одделните конта во контниот план за други субјекти ( "Сл.весник на РМ" бр 38/94, 29/95).

### член 62

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на РМ", а ќе се применува од 01.01.2006 година.

Бр. 11-38036/1
28 декември 2005 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Никола Поповски,** с.р.

---

**1623.**

Врз основа на член 4-г став од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/93, 3/94, 71/96, 46/00, 11/01, 93/01, 46/02, 24/03, 85/03 и 96/04), министерот за финансии донесе

### У П А Т С Т В О
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УПАТСТВОТО ЗА НАЧИНОТ НА ОТВОРАЊЕ И ЗАТВОРАЊЕ НА СМЕТКИ НА КОРИСНИЦИТЕ И ЕДИНКИТЕ КОРИСНИЦИ НА СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ ВО ГЛАВНАТА КНИГА НА ТРЕЗОРОТ

1. Во Упатството за начинот на отворање и затворање на сметки на корисниците и единките корисници на средства од буџетот во главната книга на трезорот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 99/01) точката 4 се менува и гласи:

„Сметките во главната книга во трезорот се затвораат по барање од страна на буџетскиот корисник или по службена должност од страна на Министерство за финансии.

Неискористените средства од сметките кои се затвораат се пренесуваат на сметките правни следбеници на истите, од страна на буџетскиот корисник односно по службена должност од страна на Министерство за финансии, доколку со закон не е регулирано поинаку.“

2. Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 08-37262/3
26 декември 2005 година
Скопје

Министер,
м-р **Никола Поповски,** с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

**1624.**

Врз основа на член 45 став 2 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр .35/05) министерот за правда, донесе

### П Р А В И Л Н И К
### ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕТО НА ЕВИДЕНЦИЈАТА ЗА ПРИМЕНИТЕ БАРАЊА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се уредува формата, содржината и начинот на водењето на евиденцијата за примените барања за извршување.

Член 2

Евиденцијата кај извршителот се води во писмена и електронска форма.

Евиденцијата кај извршителот се води уредно и навремено.

Член 3

Евиденцијата во писмена форма се води со:

- внесување на барањата за извршување во уписник;
- формирање на обвивка на списите;
- внесување на превземените дејствија во уписник;
- евидентирање на движењето и чувањето на списите во уписник;
- подредување на бројот на извршувањата во именик на доверители, според името и презимето на доверителите;
- подредување на бројот на извршувањата во именик на должници, според името и презимето на должниците;
- внесување на добиените информации од доверлив карактер.

Член 4

Евиденцијата во електронска форма се води со внесување на истоветните податоци пропишани со член 3 од овој правилник по електронски пат и со скенирање на списите.

Член 5

Уписникот содржи рубрики за упис на следните податоци:

- датум и час на пристигнување на барањата за извршување;
- број под кој е заведено барањето за извршување;
- име и презиме/ назив на доверителот и должникот;
- адреса на живеење, престојувалиште/ седиште на доверителот и должникот;
- Единствен матичен број на граѓанинот односно даночен број на доверителот и должникот;
- жиро сметка на доверителот и должникот;
- извршната исправа врз основа на која се бара извршување;
- вредност на побарувањето поради кое се бара извршување;
- износот на цената за администрирање на предметот;
- видот, местото, обемот и времетраењето на превземените дејствија, цената и материјалните трошоците за секое извршно дејствие поединечно;
- износот на наплатената награда за реализирана извршна исправа;
- движењето и чувањето на списите;
- како и други податоци кои се од значење за остварување на извршувањето.

Член 6

Обвивката на списите ги содржи оригиналните барања за извршување, документи, записници, списи и акти кои ги издава односно прима извршителот.

Врз обвивката на списите се запишуваат основните податоци во врска со извршувањето (назив и седиште на извршителот; бројот под кој се заведени списите име и презиме на барем една од странките; вредност на побарувањето).

Член 7

Именикот на доверители, содржи рубрики за упис на следниве податоци:

- име и презиме на доверителот;
- адреса на живеалиште, престојувалиште односно седиште на доверителот и
- број на извршувањето под кое е заведено во уписникот.

Член 8

Именикот на должници, содржи рубрики за упис на следниве податоци:

- име и презиме на должникот;
- адреса на живеалиште, престојувалиште односно седиште на должникот и
- бројот на извршувањето под кое е заведено во уписникот.

Член 9

Евиденцијата на информации од доверлив карактер содржи рубрики за упис на следните податоци:

- видот на информацијата која е примена;
- датумот кога информацијата е примена;
- целта поради која информацијата е барана или примена и
- начинот на кој информацијата е искористена.

Член 10

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-414/31
22 декември 2005 година
Скопје

Министер за правда,
**Мери Младеновска Ѓорѓиевска**, с.р.

**1625.**

Врз основа на член 46 став 2 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ 35/05), министерот за правда донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ТАРИФА ЗА НАГРАДА НА ИЗВРШИТЕЛИТЕ

### 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се пропишува наградата на извршителите за извршените дејствија.

Член 2

Извршителот за извршените дејствија наплаќа награда според ставките за:

- Награда за реализирање на извршната исправа.
- Цена за администрирање на предметот
- Цена за извршните дејствија.

Член 3

Наградата на извршителот за извршените дејствија се определува според:

- Видот на извршната исправа и видот на побарувањето кое треба да се изврши;
- Износот кој треба присилно да се наплати, односно вредноста на предметот на извршување;
- Износот на наплатените средства односно вредноста на предметот на реализираното извршување,

Во зависност од видот на извршната исправа и видот на побарувањето кое треба да се изврши наградата се наплатува согласно Табелите 1 и 2 од овој правилник.

При утврдувањето на вредноста се зема само главното побарување.

Член 4

Извршителот определува наплата на паушален износ на име цена за администрирање на предметот, а со оглед на износот кој треба принудно да се наплати утврден во Табела 1, односно вредноста на предметот на извршување утврден во Табела 2 од овој правилник.

Цената за администрирање на предметот извршителот ја наплатува пред да започне со извршните дејствија. Доколку доверителот му предал на извршителот извршна исправа, но не ги плати трошоците до започнувањето со извршните дејствија, извршителот има право да му/и го врати барањето за извршување на извршната исправа.

Член 5

Цената за извршни дејствија извршителот ја наплаќа согласно Табела 3 од овој правилник. Доверителот и извршителот може да се договорат да ги одложат овие плаќања до завршување на извршувањето.

Член 6

Доколку должникот постапи по налогот на извршителот во определениот рок за доброволно исполнување на обврската утврдена во извршната исправа, се наплатуваат само цената за администрирање на предметот и цената за преземените извршни дејствија.

Член 7

Кога извршната исправа е извршена должникот ја плаќа наградата, цената за администрирање на предметот и цената за извршените дејствија.

Во одредени ситуации доколку извршувањето е запрено по барање на доверителот или доколку извршната исправа е укината, преиначена или ставена вон сила, цената за преземените извршни дејствија ги покрива доверителот.

Член 8

Табелите 1, 2 и 3 кои се прикажани во Прилог број 1 се составен дел на овој правилник.

Член 9

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-414/31
22 декември 2005 година
Скопје

Министер за правда,
**Мери Младеновска Ѓорѓиевска**, с.р.

ПРИЛОГ БР 1

**Табела 1 ПАРИЧНИ ПОБАРУВАЊА**

| | **Износот који треба присилно да се наплати** | **Цена за администрирање на предметот** | **Награда за реализирана извршна исправа** |
|---|---|---|---|
| 1. | До 200 Евра | 10 евра | 30 евра |
| 2. | Од 200 Евра до 1000 Евра | 20 евра | 60 евра |
| 3. | Од 1 000 Евра до 2 000 Евра | 30 евра | 12% од наплатената сума, но не помалку од 60 Евра |
| 4. | Од 2 000 Евра до 3 000 Евра | 35 евра | 11%од наплатената сума, но не помалку од 100 Евра |
| 5. | Од 3 000 Евра до 4 000 Евра | 40 евра | 10% од наплатената сума, но не помалку од 150 Евра |
| 6. | Од 4 000 Евра до 5 000 Евра | 45 евра | 9% од наплатената сума, но не помалку од 200 Евра |
| 7. | Од 5 000 Евра до 7 000 Евра | 50 евра | 8%од наплатената сума, но не помалку од 220 Евра |
| 8. | Од 7 000 Евра до 9 000 Евра | 55 евра | 7% од наплатената сума, но не помалку од 300 Евра |
| 9. | Од 9 000 Евра до 11 000 Евра | 60 евра | 6% од наплатената сума, но не помалку од 350 Евра |
| 10. | Од 11 000 Евра до 15 000 Евра | 65 евра | 5% од наплатената сума, но не помалку од 400 Евра |
| 11. | Од 15 000 Евра до 30 000 Евра | 70 евра | 4% од наплатената сума, но не помалку од 500 Евра |
| 12. | Од 30 000 Евра до 50 000 Евра | 200 евра | 3 % од наплатената сума, но не помалку од 600 Евра |
| 13. | Од 50 000 Евра до 100 000 Евра | 400 евра | 2.5% од наплатената сума, но не помалку од 1000 Евра |
| 14. | Над 100 000 Евра | 600 евра | 2 % од наплатената сума, но не помалку од 1500 Евра |

**Цените утврдени во табелите се наплатуваат во денарска противвредност по среден курс на НБРМ на денот на плаќање.**

**ТАБЕЛА 2 - НЕПАРИЧНИ ПОБАРУВАЊА**

| | **Вредност на предметот** | **Цена за администрирање на предметот** | **Награда за реализирана извршна исправа** |
|---|---|---|---|
| 1. | до 200 евра | 10 евра | 60 Евра за 1 час дејствие |
| 2. | од 200 до 1000 евра | 20 евра | 60 Евра за 1 час дејствие |
| 3. | од 1000 до 2000 евра | 30 евра | 60 Евра за 1 час дејствие |
| 4. | од 2000 до 3000 евра | 35 Евра | 60 Евра за 1 час дејствие |
| 5. | од 3000 evra до 4000 евра | 40 евра | 10 % од вредноста на предметот, но не помалку од 250 Евра |
| 6. | од 4000 евра до 5000 евра | 45 евра | 10 % од вредноста на предметот, но не помалку од 300 Евра |
| 7. | од 5000 евра до 7000 евра | 50 евра | 10 % од вредноста на предметот, но не помалку од 400 Евра |
| 8. | од 7000 евра до 9000 евра | 55 евра | 9 % од вредноста на предметот но не помалку од 500 Евра |
| 9. | од 9000 евра до 11 000 евра | 60 евра | 8 % од вредноста на предметот но не помалку од 600 Евра |
| 10. | од 11 000 евра до 15 000 евра | 65 евра | 7 % од вредноста на предметот но не помалку од 700 Евра |
| 11. | од 15 000 евра до 30 000 евра | 70 евра | 6 % од вредноста на предметот но не помалку од 900 Евра |
| 12. | од 30 000 евра до 50 000 евра | 100 евра | 5 % од вредноста на предметот но не помалку од 1300 Евра |
| 13. | од 50 000 евра до 100 000 евра | 200 евра | 4 % од вредноста на предметот но не помалку од 1800 Евра |
| 14. | над 100 000 евра | 300 евра | 3 % од вредноста на предметот но не помалку од 2500 Евра |

**Цените утврдени во табелите се наплатуваат во денарска противвредност по среден курс на НБРМ на денот на плаќање.**

**НАПОМЕНА: Доколку вредноста на предметот не е определена во исправка се авансира износ од 50 евра, а потоа во текот на извршувањето дополнително се утврдува целокупниот износ на администрирањето врз основа на процена на предметот**

**ТАБЕЛА 3- ЦЕНА НА ИЗВРШНИ ДЕЈСТВИЈА**

| Бр. | Извршни дејствија | Чинење /Цена |
|---|---|---|
| 1. | А3 копија | 1 Евра |
| 2. | А4 копија | 0,5 Евра |
| 3. | Препис на сопствен документ | 5 Евра од страна |
| 4. | Доаѓање до местото на извршување, но не со превоз од странките, доколку местото е подалеку од 5 км. од седиштето на извршителот | 1,5 Евро за секој километар |
| 5. | Барање на лични податоци | 5 Евра за едно барање |
| 6. | Испитување на економската состојба на должникот | 30 Евра |
| 7. | Известување за јавно наддавање во средства за јавно информирање | 5 Евра |
| 8. | Изготвување на писмена( барања, налози и др) | 10 Евра |
| 9. | Составување на записник за попис/забелешка наместо попис | 60 Евра за 1 час изведба |
| 10. | Извршување на продажба на подвижнипредмети/недвижности | 60 Евра за 1 час изведба со јавно наддавање |
| 11. | Составување на записник за продажба | 20 Евра |
| 12. | Составување на записник за продажба со непосредна спогодба | 40 Евра |
| 13. | Извршување на дејствија согласно член 221-227 од Законот за извршување | 40 Евра |
| 14. | Достава на судски писмена и други писмена кои произлегуваат од вршењето на работата на извршителот, до должникот или трето лице | 30 Евра за достава до едно лице |
| 15. | Трошоци според Законот за судска такса и Административна такса | Во стварен износ |
| 16. | Реални трошоци настанати при преземање на извршни дејствија | Во стварен износ |
| 17. | Известие за прогресот на извршувањето | 10 Евра |
| 18. | Надзор над исплатите извршени од плата или други плаќања по барање на доверителот | 10 Евра |
| 19. | Извршување врз недвижност согласно член.161 ст.3 | 60 евра 1 час изведба |
| 20. | Разгледување на недвижност | 20 евра 1 час изведба |

**Цените утврдени во табелите се наплатуваат во денарска противвредност по среден курс на НБРМ на денот на плаќање.**

---

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

**1626.**

Согласно член 98, став 2 од Законот за заштита на природата ("Службен весник на РМ" бр. 67/04), министерот за животна средина и просторно планирање донесе

## П Р А В И Л Н И К ЗА СОДРЖИНАТА НА ПЛАНОВИТЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЗАШТИТЕНИ ПОДРАЧЈА И СОДРЖИНАТА НА ГОДИШНИТЕ ПРОГРАМИ ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА

### 1. Општа одредба

Член 1

Со овој Правилник се пропишува содржината на плановите за управување со заштитени подрачја (во понатамошниот текст: планови за управување) и содржината на годишните програми за заштита на природата (во понатамошниот текст: годишни програми).

### 2. Содржина на плановите за управување

Член 2

(1) Планот за управување со заштитени подрачја содржи:

1. Вовед
2. Основни податоци
3. Физичко-географски карактеристики
4. Биолошка разновидност
5. Социо-економски и културни карактеристики
6. Оцена на состојбата
7. Долгорочни цели и ограничувања
8. Втора оцена
9. Стандарди и услови
10. Заштитни мерки
11. Годишен преглед на напредокот
12. Кратко резиме
13. Прилози

(2) Планот за управување со строг природен резерват не ги содржи податоците од став 1, точка 5 на овој Правилник.

(3) Планот за управување со следните споменици на природата: пештери, геолошки профили, минерали и кристали, фосили, ретки или автохтони дрвја и грмушки кои се одликуваат со голема старост, како и ограничени мали подрачја на ендемски и ретки животински или растителни заедници значајни по својата научна вредност, содржи само мерки и активности за заштита.

Член 3

(1) Воведот од член 2, став 1, точка 1 од овој Правилник содржи: име и адреса на субјектот кој е задолжен за вршење на работите на управување и заштита со заштитеното подрачје; периодот на важење на планот за управување; датумот на усвојување на планот за управување; правен основ за изработка на планот за управување; информации за процесот на изработка на планот за управување и учесници во процесот на изработка на планот за управување.

(2) Основните податоци од член 2, став 1, точка 2 од овој Правилник се: местоположба (географска должина и ширина), граници, големина на подрачјето и заштитените подрачја во него; картографски приказ во кој се одредени границите и местоположбата на заштитеното подрачје; употреба на просторот, поранешна и постојна употреба на просторот; видот на сопственост на заштитеното подрачје; организациона поставеност на субјектот кој е задолжен за вршење на работите на управување и заштита со заштитеното подрачје; објектите кои се наоѓаат во заштитеното подрачје, нивната намена и структура; инфраструктура и зоните на управување.

(3) Физичко-географските карактеристики од член 2, став 1, точка 3 на овој Правилник се: климата (национални, регионални и климатски услови на заштитено подрачје), геолошки и физичко-географски фактори; а овој дел содржи и картографски приказ на геолошките и физичко-географските карактеристики и слики на геоморфолошките форми.

(4) Биолошката разновидност од член 2, став 1, точка 4 на овој Правилник се: екосистемите, живеалиштата и видовите, како и картографски приказ на природните живеалишта и картографски приказ на дистрибуцијата на видовите.

(5) Социо-економски и културни карактеристики од член 2, став 1, точка 5 од овој Правилник се: употреба на подрачјето од социо-економски аспект; населеност и демографски карактеристики; населби и инфраструктура; земјоделство, шумарство, лов, риболов, туризам, рекреативни активности, спорт; индустрија; културно и историско наследство; карактеристични предели; состојба на медиумите на животната средина.

(6) Оценката на состојбата се еколошките карактеристики и тоа: ранливост; реткост; природност; типичност; големина и разновидност; и социо-економските карактеристики: урбанизирање на животната средина; оцена на функционирањето на зоните; оцена на инфраструктурата; оцена на местата на кои се гради; културно и историско наследство; оцена на санитарните и хигиенските услови; социо-економски услови; оцена на рекреативните активности; оцена на активностите за употреба на ресурсите; особени вредности на заштитеното подрачје; потекло на клучните и специфичните проблеми на подрачјето или состојба како и притисоци врз клучните вредности во заштитеното подрачје.

(7) Долгорочните цели и ограничувања и втората оцена од член 2, став 1, точки 7 и 8 од овој Правилник содржат: долгорочни цели, ограничувања, како и оцена со која се определуваат влијанијата од ограничувањата и краткорочните цели за управување и заштита со заштитеното подрачје.

(8) Стандардите и условите од член 2, став 1, точка 9 од овој Правилник содржат: стандарди и услови за употребата на природните ресурси, изведувањето на градежни работи, зоните на управување и други стандарди и услови.

(9) Заштитните мерки од член 2, став 1, точка 10 од овој Правилник содржат: заштитните мерки за заштита на пределот, геолошката и биолошката разновидност, културно наследство, заштита на карактеристични предели, како и системот на мерки и активности за заштита од пожари и други природни катастрофи.

(10) Годишниот преглед од член 2, став 1, точка 11 од овој Правилник содржи: споредба на краткорочните цели и нивниот придонес во остварувањето на долгорочните цели за заштита и управување со заштитеното подрачје.

(11) Краткото резиме од член 2, став 1, точка 12 од овој Правилник содржи: значење на главните природни и географски карактеристики; односот на човекот кон заштитеното подрачје; главните цели на управувањето и начин на остварување на овие цели.

(12) Прилозите од член 2, став 1, точка 13 од овој Правилник се: записник од текот на јавната расправа; резиме на вклучените забелешки кои биле посочени на јавната расправа, како и на приговорите и коментарите по тие забелешки; извештаи од научни истражувања и студии спроведени во тек на подготовката на предлогот; консолидирани резултати од јавните трибини, семинари, неформални работни состаноци и други форми на учество на јавноста и државните органи засегнати од подготовката на планот за управување.

**3. Содржина на годишните програми**

Член 4

Годишните програми ги содржат следниве елементи:

- Предлог активности во согласност со планот за управување;
- Активност за давање на услуги за посетители;
- Активности во областа на туризмот и рекреацијата;
- Активности за волонтирање;
- Активности за одржување на посебни настани (промоции, ден на биолошка разновидност);
- Воспитно образовни активности;
- Мониторинг активности;
- Активности за истражување.
- Начин и услови на давање на делови од заштитеното подрачје на физички и правни лица за вршење на услужни дејности и
- Други услуги предвидени за заштитеното подрачје и негово одржување.

**4. Завршна одредба**

Член 5

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-5757/1
26 декември 2005 година
Скопје

Министер за животна средина
и просторно планирање,
д-р **Зоран Шапуриќ**, с.р.

---

**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**1627.**

Врз основа на член 16, став 3 од Законот за девизно работење („Службен весник на РМ" бр. 34/01, 49/01, 103/01 и 51/03), точка 6 од Одлуката за начинот и условите за работа на нерезиденти со хартии од вредност во Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 53/02, 11/03, 19/03 и 14/04) и член 68, став 2 од Законот за Народна банка на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 3/02, 51/03, 85/03, 40/04 и 61/05), гувернерот на Народна банка на Република Македонија, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА НА ПРАВОТО ЗА КУПУВАЊЕ НА ДЕВИЗИ ОД НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. Овластените банки можат од Народна банка на Република Македонија, да купуваат права за купување на девизи по продажни курсеви на Народна банка на Република Македонија.

2. Правата за купување на девизи, од точка 1 на оваа одлука, се однесуваат на еден квартал.

3. Овластените банки ги купуваат правата за купување на девизи, во евра по продажен курс на Народна банка на Република Македонија, по следната вредност:

| Валута во девизи | Количина | Вредност во денари |
|---|---|---|
| Евро (ЕУР) | 1 | 0,38 |

4. Износот на премијата се уплаќа на сметка на Народна банка на Република Македонија.

5. Цената на правото за купување на девизи по продажни курсеви на Народна банка на Република Македонија, важи од 01.01.2006 до 31.03.2006 година.

6. Оваа одлука стапува во сила со денот на потпишувањето, а ќе се применува од 01.01.2006 година и ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02-14/161-2005
27 декември 2005 година
Скопје

Гувернер,
м-р **Петар Гошев**, с.р

**1628.**

Врз основа на член 64 став 1 точка 1, а во врска со член 3 од Законот за Народна банка на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 03/02, 51/03, 85/03, 40/04 и 61/05), Советот на Народна банка на Република Македонија, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ЦЕЛИТЕ НА МОНЕТАРНАТА ПОЛИТИКА ЗА 2006 ГОДИНА

1. Со оваа Одлука се утврдуваат целите на монетарната политика за 2006 година.

2. Основна цел на монетарната политика е одржување на ценовната стабилност во економијата. Проектираната просечна стапка на инфлација за 2006 година, мерена преку движењето на трошоците на животот, изнесува 2%.

3. Посредна цел на монетарната политика во 2006 година ќе биде одржувањето на стабилен номинален девизен курс на денарот во однос на еврото, во функција на остварување на основната цел од точка 2 на оваа Одлука.

4. Народна банка на Република Македонија со монетарната политика ќе ја поддржува макроекономската политика на Република Македонија за 2006 година, без притоа да се загрозува остварувањето на основната цел на монетарната политика.

5. Оваа Одлука се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

О Бр. 02-15/ XI -3/2005
23 декември 2005 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
м-р **Петар Гошев,** с.р.

---

**1629.**

Врз основа член 64 став 1 точка 2, а во врска со член 15 од Законот за Народна банка на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 3/02, 51/03, 85/03, 40/04 и 61/05), Советот на Народна банка на Република Македонија донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ, ТРГУВАЊЕ И ИСПЛАТА НА БЛАГАЈНИЧКИ ЗАПИСИ НА НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Во одлуката за издавање, тргување и исплата на благајнички записи на Народна банка на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 84/05) во точката 18 став 2 се менува и гласи:

"Цената на 100 единици номинална вредност на благајнички записи се пресметува по формулата:

$$C = 100 * \frac{1}{1 + \frac{KS * D}{36000}}$$

каде,
KS=годишна каматна стапка (во%);
D=достасување (број на денови);"

2. Оваа Одлука влегува во сила во рок од осум дена од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 01.02.2006 година.

О Бр. 02-15/XI-1/2005
23 декември 2005 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
м-р **Петар Гошев,** с.р.

---

**1630.**

Врз основа на член 64 став 1 точка 22 од Законот за Народна банка на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 3/02, 51/03, 85/03, 40/04 и 61/05), Советот на Народна банка на Република Македонија донесе

## ОДЛУКА
## ЗА КАМАТНИТЕ СТАПКИ НА НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### I. Општи одредби

1. Со оваа одлука се регулираат каматните стапки кои Народна банка на Република Македонија (во натамошниот текст: Народна банка) ги наплаќа на одобрените кредити и други побарувања, каматните стапки кои Народна банка ги плаќа на примените депозити и други обврски, како и начините на пресметување, наплата и плаќање на каматите.

Каматните стапки на Народна банка се утврдуваат во согласност со целите, определени во Законот на Народна банка, а во зависност од движењата на финансиските пазари.

Каматните стапки на Народна банка се утврдуваат на годишно ниво.

### II. Активни каматни стапки

2. Есконтната стапка на Народна банка ја утврдува Советот на Народна банка.

Есконтната стапка на Народна банка изнесува 6,50%.

3. Каматните стапки на монетарните операции за обезбедување на денарска ликвидност во случај на примена на тендер со каматни стапки се утврдуваат аукциски, а во случај на примена на тендер со износи ги утврдува гувернерот.

4. Каматната стапка на расположивиот кредит преку ноќ, ја утврдува Советот на Народна банка.

Каматната стапка на кредитот од став 1 од оваа точка изнесува 13,00%.

5. Каматните стапки на останатите операции на Народна банка за обезбедување на денарска ликвидност, ги утврдува гувернерот во согласност со целите на монетарната политика и движењата на финансиските пазари.

6. Каматната стапка на побарувањата, чија наплата е одложена со посебни закони, Народна банка ја пресметува и наплаќа во согласност со законите, со чии одредби е одложена наплатата.

### III. Пасивни каматни стапки

7. Каматните стапки на монетарните операции за повлекување на денарска ликвидност во случај на примена на тендер со каматни стапки се утврдуваат аукциски, а во случај на примена на тендер со износи ги утврдува гувернерот.

8. Каматните стапки на останатите операции на Народна банка за повлекување на денарска ликвидност, ги утврдува гувернерот во согласност со целите на монетарната политика и движењата на финансиските пазари.

9. Каматната стапка, која Народна банка ја плаќа на задолжителната резерва на банките и штедилниците, ја утврдува гувернерот.

### IV. Начини на пресметување, наплата и плаќање

10. Народна банка ги пресметува каматите за одобрените кредити и други побарувања односно примените депозити и други обврски со употреба на пропорционална метода. Народна банка применува пропорционална метода, освен во случаите каде е договорено да се применува конформна метода.

Формула за пресметка на камата по пропорционална метода:

$$Po = \frac{p * n}{360}$$

каде:

Po - каматна стапка за н-денови

P- годишна каматна стапка

n- број на календарски денови за кои се пресметува камата

Формула за пресметка на камата по конформна метода:

$$Po =((\sqrt[365(366)/n]{1+\frac{p}{100}})-1)*100$$

каде:

Po - каматна стапка за н-денови

P- годишна каматна стапка

n- број на календарски денови за кои се пресметува камата.

11. Каматата за побарувањата на Народна банка од точка 3, 4 и 5 на оваа одлука, се пресметува и наплаќа на денот на достасување на побарувањата.

По исклучок од став 1 од оваа точка, каматата за побарувањата на Народна банка, кои не се опфатени во точка 3, 4 и 5 на оваа одлука, се пресметува месечно, а се наплаќа најдоцна во рок од 8 дена по истекот на месецот за претходниот месец.

12. Каматата за обврските на Народна банка од точка 7 и 8 на оваа одлука, се пресметува и плаќа на денот на достасување на обврските.

Каматата, која Народна банка ја плаќа на задолжителната резерва на банките и штедилниците, се пресметува по истекот на периодот за одржување на задолжителна резерва, а се плаќа најдоцна во рок од 8 дена по истекот на периодот.

13. За задоцнување на исполнување на побарувањата од точка 3, 4 и 5 на оваа одлука, Народна банка пресметува и наплаќа затезна камата.

Затезната камата се пресметува од денот на достасување на побарувањата до денот на наплата. Народна банка ја наплаќа затезната камата на денот на наплата на побарувањето.

14. Во услови кога обврската на наплата и плаќање на каматата во согласност со оваа одлука паѓа на неработен ден, наплатата и плаќањето се поместуваат на првиот следен работен ден.

### V. Завршни одредби

15. Со денот на започнување со примена на оваа одлука престанува да важи Одлуката за каматните стапки на Народна банка на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 51/04, 85/04 и 84/05).

16. Оваа одлука влегува во сила во рок од осум дена од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 01.02.2006 година.

О. бр. 02-15/ XI -2/2005
23 декември 2005 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
м-р **Петар Гошев,** с.р.

---

**1631.**

Врз основа на член 64 став 1 точка 4 од Законот за Народна банка на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 3/02, 51/03, 85/03, 40/04 и 61/05), а во врска со член 11 од Законот за јавни набавки ("Службен весник на РМ" бр. 19/04), Советот на Народна банка на Република Македонија донесе

## О Д Л У К А
## ЗА УСВОЈУВАЊЕ ПЛАН ЗА НАБАВКИ НА НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2006 ГОДИНА

1. Се усвојува План за набавки на Народна банка на Република Македонија за 2006 година кој изнесува 365.101.464,00 денари. Заедничките трошоци за сите корисници на Комплексот банки изнесуваат 5.350.000,00 денари.

2. Составен дел на оваа Одлука е Планот за набавки на Народна банка на Република Македонија за 2006 година.

3. За пренамена на средствата за набавки во износ од 3.000.000,00 денари, измени на видот на набавката, количината, динамиката на реализацијата и постапката на јавната набавка, посебни одлуки донесува гувернерот на Народна банка на Република Македонија.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 01.01.2006 година.

5. Оваа Одлука ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

О. бр. 02-15/ XI -5/2005
23 декември 2005 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
м-р **Петар Гошев,** с.р.

---

**1632.**

Врз основа на член 31 од Законот за Народна банка на Република Македонија ("Сл. весник на РМ" бр. 3/2002, 51/2003, 85/2003, 40/2004 и 61/2005), Советот на Народна банка на Република Македонија, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ОБЈАВУВАЊЕ НА ЕФЕКТИВНА КАМАТНА СТАПКА НА КРЕДИТИТЕ И ДЕПОЗИТИТЕ

### I. Општи одредби

1. Со оваа Одлука се пропишува единствениот начин на пресметување и објавување на ефективна каматна стапка (во понатамошниот текст: ЕКС) на дадени кредити и примени депозити од страна на банка.

Целта на единственото пресметување и објавувањето на ЕКС е да овозможи споредување на каматните стапки при избор на најповолните услови за користење на кредит, односно за вложување на депозит (најнизок трошок при користење на кредит, односно највисок принос при вложување на депозит).

2. ЕКС е декурзивна каматна стапка, искажана на годишно ниво со примена на сложена метода за пресметка на камата, со чија примена дисконтираните парични приливи се изедначуваат со дисконтираните парични одливи на дадените кредити, односно на примените депозити.

При пресметување на ЕКС на кредити кои се обезбедени со паричен депозит се вкалкулира и влијанието на дисконтираните паричните приливи и одливи врз основа на тој депозит.

3. При дисконтирањето на паричните текови се применува вистинскиот (календарскиот) број на денови во месецот и 365/366 дена во годината.

4. ЕКС се искажува со две децимали, со заокружување на втората децимала.

5. Банката не е должна да пресметува ЕКС за кредитите и депозитите чиишто износ е помал од 10.000 денари или се со рок на достасување пократок од три месеци.

## II. Објавување и соопштување на ефективната каматна стапка и други податоци за кредитите и депозитите кои ги нудат банките

6. Банката е должна пресметаните ЕКС да ги истакне на видно место во своите деловни простории и да ги објави на својата интернет страница или во дневен печат и други публикации достапни на широката јавност, за секој пооделен тип на кредит, односно депозит.

Начинот на кој што се објавува ЕКС не смее да биде помалку забележителен од начинот на кој што банката ги објавува другите податоци. При нејзиното објавување, банката е должна да го користи терминот “ефективна каматна стапка”. При повторување на овој израз банката може да ја користи и кратенката “ЕКС”.

7. Банката е должна на комитентот - физичко лице да му ја соопшти ЕКС пред приемот на неговото барање за одобрување на кредит и пред склучување на договорот за кредит, односно пред склучување на договорот за депозит.

За кредит во износ до 3.000.000 денари, банката е должна на комитентот - правно лице да му ја соопшти ЕКС пред приемот на неговото барање за одобрување на кредит и пред склучување на договорот за кредит.

За кредит во износ над 3.000.000 денари и за депозит на комитент - правно лице, банката е должна да ја пресмета, и соопшти ЕКС на барање на правното лице.

8. Покрај ЕКС, пред склучување на договорот за кредит и пред склучување на договорот за депозит, банката е должна да му ги соопшти на комитентот и следните податоци:

- Номинална каматна стапка на кредитот, односно депозитот;
- Провизии и други надоместоци кои банката ги наплаќа при одобрувањето на кредитот, односно при примањето на депозитот;
- Провизии и други надоместоци кои се познати на денот на пресметката на ЕКС, а кои банката ќе ги пресмета и наплати во текот на реализацијата на договорот за кредит, односно депозит;
- Надоместоци кои можат да настанат во текот на реализација на договорот за кредит, односно депозит (на пример: при предвремена отплата на кредитот, односно повлекување на депозитот);
- Условите под кои се исплаќа премија на депозитот;
- Услови под кои може да дојде до промена на ЕКС во текот на реализацијата на договорот за кредит, односно депозит;
- Висината на затезната камата;
- Критериуми за индексирање на кредитот, односно на депозитот;
- Инструменти за обезбедување на отплатата на кредитот;
- Можности за враќање на кредитот, односно за повлекување на депозитот пред рокот на достасување;
- Други податоци поврзани со одобрувањето на кредит, односно примањето на депозит.

## III. Амортизационен план за потребите на пресметка на ЕКС

9. За потребите на пресметката на ЕКС, при заснивањето на кредитен, односно депозитен однос, банката е должна да изработи амортизационен план со јасно искажана ЕКС и истиот да му достави на комитентот. Амортизациониот план претставува составен дел на кредитното, односно депозитното досие на комитентот на банката.

10. Покрај податоците од точките 7, 8 и 9 на оваа Одлука, банката е должна да го извести комитентот и за сите битни елементи на отплатата на кредитот: период на отплата, рок на достасување, висина на ануитетот, период на вкаматување, вкупен износ на камата и вкупен износ на други надоместоци кои ќе треба да ги плати комитентот при одобрувањето и во текот на користењето на кредитот и сл.

11. Банката е должна да обезбеди документ дека на комитентот му е доставен амортизационен план и дека е запознаен со условите од договорот за кредит, односно депозит, вклучувајќи ја и ЕКС. Овој документ е составен дел на кредитното, односно на депозитното досие на комитентот на банката.

## IV. Завршни одредби

12. Одредбите од оваа Одлука не се применуваат на договорите за кредит, односно депозит кои се склучени пред отпочнување со нејзината примена.

13. Банките се должни да ја известуваат Народна банка на Република Македонија за активните и пасивните ЕКС по типови на банкарски производи.

14. Гувернерот на Народна банка на Република Македонија го пропишува упатството за спроведувањето на оваа Одлука.

15. Одредбите од оваа Одлука се однесуваат и на штедилниците во Република Македонија.

16. Банките и штедилниците не се должни да ја применуваат оваа Одлука при меѓусебните деловни односи.

17. Оваа Одлука влегува во сила во рок од 8 дена од денот на објавувањето во Службен Весник на Република Македонија, а ќе се применува од 30.06.2006 година.

О Бр. 02-15/ XI -4/2005
23 декември 2005 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
м-р **Петар Гошев,** с.р.

---

**1633.**

Врз основа на член 64 став 1 точка 4 а во врска со член 92 став 1 од Законот за Народна банка на Република Македонија (“Службен весник на РМ” бр. 3/02, 51/03, 85/03, 40/04 и 61/05), Советот на Народна банка на Република Македонија донесе

## ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2006 ГОДИНА

1. Обемот и структурата на приходите и расходите во Финансискиот план на Народна банка на Република Македонија за 2006 година (во натамошниот текст: Финансиски план) се следните:

Во ‘000 денари

| | | |
|---|---|---|
| **I** | **Вкупни приходи** | **1,639,803** |
| А. | Приходи од монетарни операции | 1,438,050 |
| Б. | Приходи од оперативно работење | 194,753 |
| В. | Приходи по други основи | 7,000 |

| | | |
|---|---|---|
| **II** | **Вкупни расходи** | **1,629,764** |
| Г. | Трошоци поврзани со монетарни операции | 1,086,827 |
| Д. | Трошоци за производство на банкноти, монети и други вредносници | 73,067 |
| Ѓ. | Трошоци поврзани со оперативното работење | 469,870 |
| Е. | Трошоци по други основи | 0 |
| **III** | **Финансиски резултат** | **10,039** |

2. Трошоците од точката “Е” се однесуваат на: а) курсни и ценовни промени врз основа на усогласувања на соодветните билансни позиции: б) евентуални отписи и в) резервации за потенцијални обврски. Движењето на овие расходи има автономен карактер и доколку настанат, ќе бидат искажани во финансиските извештаи на Народна банка на Република Македонија (во понатамошниот текст: НБРМ) за 2006 година.

3. Во утврдените рамки со Финансискиот план, гувернерот на НБРМ донесува Аналитички финансиски план по одделни видови приходи и расходи.

4. За реализацијата на Финансискиот план, Советот на НБРМ се известува најмалку еднаш квартално.

5. Финансискиот план влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 01.01.2006 година.

ФП. Бр. 02-15/ XI -1/2005
23 декември 2005 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
м-р **Петар Гошев,** с.р.

---

**1634.**

Врз основа на член 64 став 1 точка 4 од Законот за Народна банка на Република Македонија (“Службен весник на РМ” бр. 3/02, 51/03, 85/03, 40/04 и 61/05), Советот на Народна банка на Република Македонија донесе

## ПЛАН ЗА ИНВЕСТИЦИИ НА НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2006 ГОДИНА

1. Планот за инвестиции на Народна банка на Република Македонија за 2006 година (во понатамошниот текст: План за инвестиции) изнесува 251,141 илјади денари и се состои од:

Во ‘000 денари

| | | |
|---|---|---|
| **I** | **Започнати инвестиции во претходни години со очекувана реализација во 2006 година** | **120,479** |
| А. | Информациона опрема и системи | 99,836 |
| Б. | Машини и опрема | 11,790 |
| В. | Градежни објекти | 8,853 |
| **II** | **Планирани инвестиции во основни средства за кои што треба да отпочне постапка за набавка во 2006 година** | **130,662** |
| Г. | Информациона опрема и системи | 54,742 |
| Д. | Машини и опрема | 43,080 |
| Ѓ. | Градежни работи | 32,840 |
| **III** | **ВКУПНИ ИНВЕСТИЦИИ (I + II)** | **251,141** |

2. За реализација на Планот за инвестиции се обезбедуваат средства во билансите на НБРМ.

3. Во рамки на обемот и структурата утврдени во точка 1 од Планот за инвестиции, гувернерот на НБРМ донесува детален план за инвестиции во основни средства.

4. Менување на структурата и обемот на Планот на инвестиции врши Советот на НБРМ.

5. Советот на НБРМ квартално се известува за реализацијата на Планот за инвестиции.

6. Планот за инвестиции на НБРМ се реализира преку постапки утврдени со Законот за јавни набавки.

П.И Бр. 02-15/ XI -2/2005
23 декември 2005 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
м-р **Петар Гошев,** с.р.

---

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1635.**

Врз основа на член 11-е, алинеја 6 и член 39, став 3 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ” бр. 47/97, 40/99, 98/00, 94/02 и 38/03), постапувајќи по барањето на КЈП Водовод - Кочани, РЕ „Геотерма”, за промена на цена за геотермална енергија, Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 29 декември 2005 година, донесе

## О Д Л У К А

1. Се одобрува барањето на КЈП Водовод - Кочани, РЕ „Геотерма”, за промена на цената на геотермалната енергија која што се испорачува од геотермалниот систем како геотермална вода.

2. Цената на геотермалната енергија која што се испорачува од геотермалниот систем на КЈП Водовод - Кочани, РЕ „Геотерма” како геотермална вода, се зголемува за 11,34% и изнесува 20,72 ден/$м^3$ геотермална вода.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а се применува од 1 јануари 2006 година.

Бр. 02-1680/1
29 декември 2005 година
Скопје

Претседател,
**Славе Ивановски**, с.р.

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје**
**бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник - Борис Тренески.**
**Телефони: +389-2-3298-860.**
**Телефакс: +389-2-3112-267.**

**Претплатата за 2005 година изнесува 9.200,00 денари.**
**„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.**
**Рок за рекламации 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798. Број за ДДВ МК: 4030987108771.**
**Депонент: Комерцијална банка, АД - Скопје.**
**Печат: Графички центар КМ Креатив - Скопје.**